**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

Филозофски факултет-Скопје

Институт за социјална работа и социјална политика

Мајка Тереза

**Магистерски труд**

# Социјална интеграција на поранешно осудени лица

Ментор

Проф.Д-р Сунчица Димитријоска

Кандидат

Александра Јовчева

**Скопје, 2014**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ..... **5**

**I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ..... **10**

**1. Дефинирање на проблемот и основните поими** ..... **10**

1.1. Типологија на затворот и казнено-поправните институции ..... 10

1.2. Социјална интеграција ..... 13

1.3. Ресоцијализација ..... 15

1.4. Постпенална помош ..... 18

**2. Ресоцијализација на поранешно осудени лица** ..... **20**

2.1. Индивидуализација на казната во функција на ресоцијализација 20

2.2. Третман во функција на ресоцијализација ..... 24

2.3. Образование, стручно оспособување и работа во функција на ресоцијализација ..... 28

**3. Превоспитен третман во процесот на ресоцијализација и социјална интеграција** ..... **29**

3.1. Видови на превоспитен третман кој е од значење за социјалното интегрирање на осудените лица по напуштање на КПУ ..... 30

3.2. Улога и значење на превоспитниот третман за ресоцијализацијата и социјалното интегрирање на осудените лица ..... 32

3.3. Влијание на превоспитниот третман врз успешноста во социјалното интегрирање ..... 34

**4. Прифат на осудените лица со акцент на подготовката за социјална интеграција во општеството** ..... **35**

**5. Европски искуства за интегрирање на осудени лица по издржаната казна затвор** ..... **37**

5.1. Германија ..... 38

5.2. Велика Британија ..... 42

5.3. Социјална реинтеграција: Стартегии за пред и пост-отпуст

на осудени лица во Ирска ........................................ 45

*5.3.1. Стратегија за пред и пост-отпуст на интегриран начин ...46*

*5.3.2. Развој на поддршката на осудените лица по затворски отпуст – Советување, сместување, вработување ........................................ 47*

**6. Постпенална помош на осудени лица во Република Македонија ........................................ 54**

**7. Социјална интеграција на осудени лица во Република Македонија ........................................ 63**

7.1. Промовирање на социјална интеграција од страна на казнено-поправната установа ........................................ 65

7.2. План за реинтеграција од почетокот на казната како нормативна мерка (Права на осудените) ........................................ 66

7.3. Тренинг, едукација и третман во затворот како аспект на социјална интеграција ........................................ 67

*7.3.1. Проектот во посета на затворот New Midlands (Ирска) од страна на установа за обука и едукација на социјално интегрирање на осудени лица ........................................ 68*

7.4. Развој на улогата на затворските службеници во реинтеграцијата ........................................ 69

**II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................ 71**

**1. Предмет на истражувањето ........................................ 71**

**2. Цел и карактер на истражувањето ........................................ 71**

**3. Научна општествена и практична цел на трудот ........................................ 71**

**4. Задачи на истражувањето ........................................ 72**

**5. Хипотези ........................................ 72**

**6. Варијабли на истражувањето ........................................ 73**

**7. Методи на истражувањето ........................................ 73**

**8. Техники на истражувањето ........................................ 74**

**9. Инструменти на истражувањето ........................................ 75**

**10. Примерок на истражувањето ........................................ 75**

**11. Обработка на резултатите ........................................ 76**

**12. Организација на истражувањето ... 76**

**III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 77**

**1. Анализа и интерпретација на добиените резултати ... 77**

1.1. Поранешно осудени лица ... 77

*1.1.1 .Социо-демографски податоци ... 77*

*1.1.2. Резултати од истражувачки примерок ... 80*

1.2. Вработени лица во казнено-поправна установа ... 100

*1.2.1. Социо-демографски податоци ... 100*

*1.2.2. Резултати од истражувачки примерок ... 101*

**2. Докажување и осврт на поставени хипотези ... 107**

2.1. Докажување и осврт на генерална хипотеза ... 107

2.2. Докажување и осврт на Општа хипотеза 1 ... 108

2.3. Докажување и осврт на Општа хипотеза 2 ... 109

2.4. Докажување и осврт на Општа хипотеза 3 ... 109

**3. Препораки ... 110**

**IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ... 113**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 116**

# ВОВЕД

Анализите на домашните и меѓународните институции во делот на затворскиот систем укажуваат на загрижувачка стапка на пораст на повратници во казнено-поправни установи, како и зголемен број на осудени лица кои злоупотребуваат droги или алкохол, што укажува на степенот на ефикасност на системот на извршување на санкциите и дали истиот ја остварува неговата основна цел-ресоцијализација и социјална адаптација.

Со цел подобрување на состојбите за извршување на санкциите Националната стратегија за Европска интеграција на Република Македонија се изготвува од страна на Владата на Република Македонија како една од целите го поставува следното:

„Подобрување во имплементацијата на Европските стандарди во затворскиот систем, Европските затворски правила на Советот на Европа, Минималните стандарди и правила за третман на осудени лица на Обединетите нации и Конвенцијата за превенција од тортура и нечовечко постапување, ќе бидат главна цел во наредниот период, преку подобрување на условите за престој во институциите, почитување на загарантираните права на осудените лица воопшто и обезбедување на високо квалитетен третман и ресоцијализација“. Исполнувањето на оваа стратешка цел на Владата на Република Македонија ги мобилизира сите релевантни институции вклучени во системот на извршување на санкциите во државата, а понудена е и соработка со странски експерти и институции. [1]

Стратешкиот план на Управата за извршување на санкции како развоен и реално спроведлив документ за една од приоритетните цели го има зацртано подобрувањето на процесот на ресоцијализацијата и социјалната адаптација на осудените лица согласно меѓународните стандарди. Управата за извршување на санкции е при крај на заокружување и ставање во функција на оваа стратегија која понатаму ќе биде подложна на анализи со цел согледување на предностите и

[1] Република Македонија Министерство за правда на Влада на Република Македонија – Управа за извршување на санкции – Стратегија за Ресосоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, стр.9

слабостите како во пенитенцијарниот систем така и во постпеналната помош на осудени лица. Многу критичари сметаат дека пеналната средина е единствената која треба да допринесе „криминалецот“ да го промени своето однесување и да се држи до пропишаните општествени норми со што во иднина не би вршел кривични дела. Бројните извештаи и анализи континуирано го ставаат акцентот на ресоцијализацијата на осудените лица во затворите како неуспешна и ги земаат овие параметри како објаснување за рецидивизмот.

Се согласуваме дека дел од сето ова има можеби влијание, но никако неможе да го прифатиме ова тврдење во целост. Во трудот ќе се обидеме сето ова да го објасниме согледувајќи го токму можеби најважниот дел од процесот на ресоцијализација - а тоа е ***што понатаму*** откако осудениот ќе ја издржи предвидената казна и повторното негово враќање во пеналната средина. Најпрво ќе дадеме еден пресек на поделбата на затворските установи согласно законодавецот. Во Република Македонија има казнено-поправни домови и казнено-поправни установи.

Казнено-поправни установи се: Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес, Казнено-поправен дом Штип, Казнено- поправен дом од отворен вид Струга, Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Охрид, Затвор Прилеп, Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Тетово.[2]

Исто така од битно значење е кои казни каде се издржуваат согласно висината на изречената казна.

Во установа од затворен вид се извршува казната затвор во траење подолго од три години, како и казната затвор над шест месеца спрема повторници порано осудувани на казна затвор.[3]

Во установа од полуотворен вид се извршува казната затвор во траење до три години кога, со оглед на кривичното дело, побудите од кои тоа е извршено и личноста на сторителот, може да се оцени дека и со извршување на казната во установа од полуотворен вид ќе се постигне целта на извршувањето на казната затвор, како и казната затвор до шест месеца спрема осудени лица за кривични дела извршени во поврат.[4]

---

[2] Закон за извршување на санкциите, Сл.весник на Р.Македонија, бр.2/2006 чл.19
[3] Исто, чл.49.
[4] Исто, чл.50.

Со оглед на тоа дека имаме поделба на осудените лица согласно изречената висина на казната, од тука и потребата и интензивирањето на подготовката на осудените лица за излегување од затворот и нивното повторно вклучување во општеството како граѓани кои нема да вршат повеќе кривични дела е бенефитот на секоја држава. Во затворот уште со самото доаѓање треба да се започне со подготовките за отпуст на осуденото лице.

Во казнено поправните домови со оглед на тоа дека повеќе осудени лица се со големи казни, овие подготовки се интензивираат последните 3 месеци пред да се отпушти осуденото лице од затвор. Кај помалите казни не е таков случајот од причина што нема простор за вакво маневрирање и треба да се почне уште на самиот почеток со што би се делувало брзо.

Во овој дел комуникацијата на релација КПУ – Затвори и Центарот за социјални работи е доста затаена или со други зборови воопшто ја нема. За таа цел во ова наше истражување понатаму ќе се согледаат причините за комуникација на институционално ниво. Можеби дел од вината е и во казнено – поправните установи каде треба да се посебни добро разработени програми за отпуст на осудени лица. Треба да се напомене дека од страна на Управата за извршување на санкциите се изготвени протоколи за прием и отпуст на осудени лица, но мора да се истакне дека ова е во делот на запазување на чекорите кои постепено треба да се спроведуваат при работењето.

Наместо повторно да се вратат на криминал треба да им се овозможи самите да изберат што е најдборо за нив. Нудењето на избор можеби во најмала мера ќе ги смени нивните погледи, ставови и размислувања во врска со општеството.

Во нашето истражување ќе направиме дистинкција помеѓу осудените лица, на кои им треба и на оние на кои не им треба прифаќање и помош за повторна интеграција во општеството. Единствена помош која ја добиваат осудените лица од Центарот за социјална работа е еднократна парична помош.

Меѓутоа проблемите не завршуваат тука, туку напротив се повеќе се зголемуваат посебно кога живееме во време на транзиција за кое чекаме од ден на ден да се подобри состојбата и работите да тргнат напред со што би се решиле проблематичните ситуации. Очигледно е дека за сето ова да се подобри се

потребни финансиски и материјални средства. За подобрување на состојбата се превземаат мерки за подигање и подобрување на состојбите во ова поле, ќе треба да се изнајдат барем привремени мерки и модели како би се подобрил овој процес. Можеби со децентрализацијата самите општини би требало повеќе да бидат вклучени во прифаќањето и со вклучувањето на овие луѓе во некоја општо корисна работа за која би се плаќало со што би им се олеснило да најдат привремено работа и да имаат некоја егзистенција. Партнерски активности помеѓу Казнено Поправните Установи, Центрите за социјална работа и Здруженијата на граѓани може да биде од голема помош. Следејќи ги Европските искуства може да се види дека кај нив има модел на пробација кој покрај тоа што извршувањето на алтернативните санкции и надзор на условно отпуштените на слобода, може да врши и постпенална заштита на осудени лица кои завршиле со издржување казна затвор.

Магистерскиот труд е структуиран во четири засебни дела.

Во првиот дел, насловен како ***Теоретски пристап кон проблемот на истражување***, каде најпрво се започнува со дефинирање на проблемот и основните поими каде поконкретно се дефинира типологијата на затворот и казнено-поправните институции, социјалната интеграција, ресоцијализација и постпенална помош. Понатаму, како фактори на ресоцијализација се анализирани индивидуализацијата на казната во функција на ресоцијализацијата, третманот во функција на ресоцијализација и образование, стручно оспособување и работа во функција на ресоцијализација. Улогата на превоспитниот третман во процесот на ресоцијализација и социјална интеграција е разгледана низ призма на видовите на превоспитен третман кој се смета за значаен за социјалното интегрирање на осудените лица по напуштањето на КПУ, улогата и значењето на превоспитниот третман за ресоцијализација и социјално интегрирање на осудените лица и влијанието на превоспитниот третман врз успешноста во социјалното интегрирање. Исто така, во овој дел од трудот е земен во предвид и анализиран е прифатот на осудените лица каде акцентот е ставен на подготовка за социјална интеграција во општеството, видовите на постпенална помош на осудени лица во Република Македонија и социјалната интеграција на осудени лица.

Понатаму следат Европските искуства за интегрирање на осудени лица по издржаната казна затвор, каде како земји за анализа се земени: Германија, Велика Британија и Ирска, при што се обработени социјалната интеграција и реинтеграција, стратегиите за пред и пост-отпуст на интегриран начин и развој на поддршка на осудени лица на интегриран начин.

Промовирање на социјалната интеграција од страна на казнено-поправната установа каде се анализира планот за реинтеграцијата, тренинг, едукација и третман во затворот како аспект на социјална интеграција каде е даден пример на проектот во посета на затворот New Midlans од страна на установа за обука и едукација на социјално интегрирање на осудени лица, и на крај е опфатен развој на улогата на затворските службеници во реинтеграција.

Вториот дел од трудот насловен како ***Истражувачки дел*** најпрво е прикажан предметот на истражувањето, понатаму цел и карактер на истражувањето, научната и практична цел на трудот, задачите на истражувачите, хипотетичката рамка, варијаблите, техниките и инструментите на истражувањето, како и примерокот на истражувањето. На крај на делот е даден начинот на обработка на резултатите од спроведеното теренско истражување и организација на истражувањето.

Во третиот дел од трудот, насловен како ***Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето***, резултатите се поделени во два дела, односно анализа на резултати од поранешни осудени лица и вработени лица во казнено поправна установа. Кај двете групи најпрво е даден приказ на социо-демографските податоци на испитаниците, а потоа и резултатите од истражувачкиот примерок, односно од анкетниот прашалник каде резултатите се прикажани табеларно и графички по што е дадена анализа и интерпретација од теоретски аспект. Понатаму во овој дел е даден осврт на докажување на хипотезите, за на крај делот да заврши со лични препораки за понатамошно работење.

Во последниот дел од трудот ***Заклучни согледувања*** се дадени заклучоци на база на спроведеното теоретско и емпириско истражување, кои сметам дека се од значење за согледување на состојбата на проблемот на истражување.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Дефинирање на проблемот и основните поими

### 1.1. Типологија на затворот и казнено-поправните институции

Затворите се вид на кривична санкција која што се состои од лишување од слобода и одземање на слободата на движење врз основа на одлука на правосудни органи со одредено траење, а се извршува во посебно уредени установи.[5] Првиот затвор е формиран во Германија во 1577 година, неговата основна намена била престој на млади престапници, просјаци и скитници. Основни карактеристики на овие установи биле: задолжителна работа на осудени лица и надоместок за работа; во ќелиите биле сместени од четири до дванаесет лица; управите имале овластувања во случај на добро однесување на осудените за да можат порано да ги отпуштат од установата; режимот на престој бил во функција на забрани и обврски со непрекинат и строг надзор. Овој модел на затвор имал влијание на развојот на слични институции во други земји со извесни модификации во подоцнежниот период. Постојат два модели на затворски системи:

**Келиски систем на затвор**

**а) Пенсилванискиот модел** се гледа во напуштање на поранешниот систем на групно извршување на казната затвор поради спречување на криминални инфекции, односно поради вооченото лошо влијание од меѓусебната комуникација на осудените лица; воведување на системот самица, односно услови во кои што осудениот може да размислува за направениот грев. Предноста на овој систем во тој период е правдана со можноста за ограничување на негативните влијание на потешките осуденици врз другите. Престојот на поголем број осудени лица во една средина со можност за комуникација се сметал за добар услов за лоши влијанија, создавање на кланови и идни криминални групи, додека

[5] Jašović Ž. (1983), Kriminologija maloletničke delikvencije, Beograd: Naučna knijga

заедничката работа се сметала за неприфатлива бидејќи повеќе личело на препријатие отколку на затвор.

**б) Обернскиот модел** е базиран на принципот на осамени осудени лица ноќе и заедничка работа преку ден. На осудените лица им била строго забранета комуникацијата за да се избегне проблемот на меѓусебно криминално влијание. Преку ден можеле да се обратат само на чуварите. Ваквиот живот имал за цел да создаде дисциплина кај човекот, а казнувањето со работа да се привикне на работни обврски, да се спречи неморалот и да се обезбеди строго почитување на законот. Овој модел придонел за хуманизациски однос, но само во смисла на заедничка работа во установата. Во него осудениот со можност за стручно образование донекаде е доближен до реалниот живот на рехабилитацијата, но забраната за комуникација и тортура внесен во нејзиното спроведување поттикнала позитивни ефекти на таквата социјализација.

**Прогресивен (мешовит) систем на затвор**

Во половината на 19 век ќелискиот систем претрпел критика. Воочено е дека состојбата во затворите станала неподнослива, дека не води кон превоспитување на осуденото лице, дека функцијата на нивната ресоцијализација е занемарена. Затоа тие се напуштаат, а наместо нив се воспоставува прогресивен или мешовит систем на казнени затвори врз принципот на воспитување и поправање на осудените. Овој систем обезбедува можност за општо и стручно образование на осудените, подобри материјални, хигиенски и други услови за престој, како и стручен кадар за таква фунција на тие установи. Во кој што постојат повеќе модели и тоа:

**а) Англискиот модел** поаѓа од начелото дека осуденото лице постепено треба да преминува од фаза на изолираност во слобода, односно од затворски услови до граѓанска слобода. Издржувањето на казна затвор се врши во фази, од самица, преку работни активности, до издржување на казна во помали затворски средини со ослободен третман и без строг надзор. Тој премин зависел од однесувањето на осудениот во текот на издржување на казната. Таквото издржување на казна имало двојна цел: застрашување и поправање. Овој систем се одвивал во три фази:

- фаза на осаменост,
- фаза на заедничко издржување на казната, и
- условно пуштање.

**б) Ирскиот модел** претставувал корекција на англискиот во делот кој што мотивациски ги стимулирал осудените лица да работат на подобрување на својата позиција во текот на издржување на казната. Таквата цел обезбедена е со отворање на една нова фаза која што следела по заедничкото издржување на казната. Во таа фаза казната се издржувала во одделение за слободни. Во оваа фаза осудените лица имаат поголема можност за контакт со надворешниот свет, работеле во казнени установи од отворен тип, без стража и надзор и се занимавале претежно со земјоделски работи. Зависно од однесувањето можеле да преминат во фаза на условно отпуштање или во случај на незадоволителни критериуми на однесување би биле вратени една фаза station наназад.

**в) Маконокиевиот модел** е базиран врз принцип на бодови кои што осудените лица би ги заработувале во текот на престојот во затвор. По одреден број на собрани бодови отпуштани се условно, без разлика на времето за кое што казната е изречена. Издржувањето на казната е поделено во две фази. Во првата осудените лица работеле по принципите на остра дисциплина и потполно почитување на редот, додека во друга фаза се делени во заеднички работни групи. Групите се формирани по иницијатива на осудените во текот на работата добивале заеднички бодови кои што рамноправно ги делеле и со тоа биле стимулирани за самоконтрола и мотивација на сите работни ефекти. Овој модел бил многу малку во примена и не влијаел на развојот на слични модели.

**г) Класификацискиот модел** ги делел осудените лица во одредени групи, според видот и висината на казната, својството на личноста и мотивите за извршеното дело. Моделот бил револуционерен, но имал многу мал успех.[6]

**Според режимот и системот на извршување на казната може да се зборува за следните типови затвор:**

- ***Затворен тип*** во кој што се преземаат посебни организациски, технички, материјални и други мерки кои што спречуваат бегање на затворениците (мерки со максимално обезбедување).

---

[6] Bošković M. Radoman M. (2002), Penologija, Novi Sad: Želind

- ***Полуотворен тип*** - во кој што мерките за обезбедување служат за контрола на движењето, а примарно го спречуваат бегањето на осудените (мерки со средно обезбедување).
- ***Отворен тип*** - во кој што не се преземаат посебни мерки за обезбедување од бегање, туку однесувањето на осудениот се базира на самодисциплина, одговорност и соработка со соодветни службени лица.[7]

## 1.2. Социјална интеграција

Социјалната интеграција е извонредно широк поим кој што опфаќа пристап до сите општествени групи на чие што општествено вклучување треба да се работи. Според UNRISD (United Nations Research Institute for Social Development) постојат најмалку три различни насоки за сваќање на концептот за социјална интеграција.

- За некои, таа подразбира еднакви можности и права за сите луѓе што резултира со подобрување на човечките животни можности.
- За други, зголемувањето и работата на интеграцијата имаат негативна конотација, односно даваат слика на непосакувано наметнување на униформување.
- Трети пак, не се определуваат ниту за позитивна, ниту за негативна конотација, туку сметат како социјалната интеграција е начин на опишување на утврдените (посакувани или непосакувани) обрасци за човечкото однесување во секое друштво.

Зборувајќи за самиот поим треба да се истакне дека станува збор за процес на меѓусебно поврзување на поединец или општествени групи и нивно вклопување во некоја поголема релативно соодветна општествена целина. Јакнењето на социјалната интеграција доведува во такви обрасци на однесување кои што стануваат соодветни на општествените норми се до хармонично и ефикасно функционирање на групата. Видановиќ (2006) смета дека социјалната

[7] Kovac, A., (2009) Resocijalizacija osudzenih lica, Fakultet pravnih nauka – Banja Luka, Foca, str.5-8

интеграција доведува кон зголемување на задоволството на поединецот, прифаќање на заеднички симболи и развивање на идентитетот на групата.

Развојно-образовниот аспект на социјална интеграција, се препознава и се дефинира интеграцијата како преоден поим и преоден процес. Се истакнува дека со менување на општествените односи, напорите за знаење и остварување на претпоставките за развојно-образовната и пошироката социјална интеграција таа сама себе се укинува. Таа всушност станува толку редовен и нормален процес и со текот на времето престанува потребата посебно да се зборува за вклучување на деца со потешкотии во развојот во редовниот развојно-образовен процес, за нивното училишно, а со тоа и во добар дел за социјалната интеграција (според OECD, 2007). Но тешко е да се побегне од прашањето што се случило до денес, триесет години подоцна зборување за вклучување на лица, не само во составот на образование, туку и во сликата на целото општество, како за нешто што допрва доаѓа или поточно како за нешто што допрва ќе се случи.

Веројатно општеството тогаш не било доволно спремно за „новитети“, а позитивниот дел од приказната е дека сега (барем се надеваме) достигнало доволна висина на подготвеност дека тие, за сега сеуште ретки примери за добра пракса ќе станат апсолутен дел од општеството. [8]

[8] Greguric, M., 2009, Komparacija nekih aspekata socijalne integracije osoba s invaliditetom s podrucja czss krapina, podruznice pregrada I czss Zagreb, ureda Dubrava, Studiski centar socijalnog rada, Zagreb, str 11-13

### 1.3. Ресоцијализација

Ресоцијализацијата значи враќање на осудените лица во општествената заедница, оспособен да живее општествено усогласен живот, нормално и успешно да ги извршува општествените работи. Тој поим е преземен од социјалната психологија. Тој означува како и поимот социјализација процес на прифаќање на нормите и вредностите на одредена група, односно поширокатa општествена заедница што се постигнува со корегирање на општетствено негативните сваќања, навики и мислења и повторно структурирање на личноста врз основа на општествено прифатливи ставови, мислења и вредности кои што дадената личност ја прават општествено позитивна.

Во текот на извршување на кривичните казни, посебно казните за лишување од слобода, осуденото лице кое што се наоѓа во конфликт со владеечките нормативни системи, треба да се превоспита и да се промени така да се асимилира во слободно општество врз база на почитување на тој систем.

Ресоцијализацијата се однесува според тоа на лицата кои што порано не биле вистински социјализирани, кои што не успеале да изградат позитивни сфаќања за вредностите, позитивните ставови, навиките и другите лични квалитети кои што не можеле реално да ги користат своите и туѓите искуства па затоа стапнале во инкриминирано однесување. Од ресоцијализацијата се очекува да ги измени оние лични својства на осудениот кои што се поврзани со криминално однесување, трајно да го отстранат криминалното однесување на такви лица и така да ги оспособи за интеграција во општествениот живот. За да се постигне оваа цел на ресоцијализација, осудениците треба да се превоспитаат така за да ги прифатат позитивните општествени вредности и ставови, нивното однесување да го сфатат како своја обврска. Тоа е создавање на свест за обврска и правилен однос кон општествено-етничките проблеми кои што недостасуваат кај голем број осудени лица.

Осуденото лице треба да сфати дека неговите проблеми не произлегуваат само од општеството, дека тие се производ на неговата личност, неговата перцепција за реалноста, неговите мотиви, желби и други слични својства. Ако

така ги сфати своите проблеми може да се очекува дека ќе го усогласи своето однесување со законските норми и дека нема да дозволи повторно да потпадне под влијание на своите слабости, фрустрации и разни девијации во својата личност. Во тој случај осудениот го менува својот однос кон општествената средина и другите лица, го менува врз база на содржини усвоени во процесот на ресоцијализација, содржините кои што се насочени кон тоа да ја разбудат и да ја развијат свеста за штетноста од кривичните дела не само за пошироката општествена заедница, туку исто така и за сопствениот самостоен и општествено адаптиран живот. За таквиот осуденик може да се каже дека е социјално адаптиран, дека е постигната неговата ресоцијализација.

Смислата за ресоцијализација се состои во оспособувањето на осуденото лице да ги почитува општествените вредности, на таа основа повторно да се вклучи во општеството и така да стане корисен член на заедницата, иако треба да знае дека тоа оспособување не оди едноставно без тешкотии. Напротив тој наидува на многу пречки и препреки. Не е лесно да се научи осудениот да го прифати однесувањето на човекот како културно битие, да се однесува во духот на барањата на општествената средина преку зачувување на извесни мерки на сопствена самостојност и автономија.

Сепак одредени барања осуденото лице мора да ги прифати во текот на ресоцијализацијата, особено ако се знае дека во општеството постојат разни општествени слоеви со различни сваќања, норми и примери на однесување. Освен тоа во текот на процесот на ресоцијализација доаѓа и до негативни влијанија кои што ја попречуваат неговата успешна реализација. Тоа се случува особено во текот на издржување на институционални кривични санкции кога доаѓа до изразување на вредноста и нормите на таканареченото „затвореничко општество“, кои што се спротивни на владеечкиот систем за вредности, па поради тоа ги зголемуваат постојните девијантни тенденции и делуваат спротивно на целта на третманот. Така може да се дојде до влошување на личноста на осудениот и отежнување на неговата ресоцијализација ако до крајот на извршување на кривичните санкции не успее да го подигне нивното општествено ниво. Истата смисла ја има и поимот социјална адаптација кој што е синоним на поимот

„повторно вклучување во општеството", иако некои писатели прават разлика помеѓу нив, со оглед на примената и карактерот на мерки кон осуденото лице.

По завршување на затворската казна осудениот треба повторно да се вклучи во општествената средина. Покрај формите и методите на работа кои се превземаат додека е на издржување казна затвор потребно е и по неговото отпуштање соодветно да се адаптира во средината. Самиот престој во пеналната средина покрај превоспитувањето треба да обезбеди подготовка и припрема и за понатаму по неговото излегување. Борбата со справување на проблемите не престанува во затворите тука на тест е снаоѓањето и функционирањето на осудениот и по неговото излегување и враќање во постпеналанта средина. Целта би била постигната кога осудениот ќе може успешно и безболно повторно да се адаптира во општествената средина но овој пат без вршење на кривични дела. Затоа е потребно вложување на напори за што подобро постпенално прифаќање и социјално адаптирање на поранешните осудени лица.

Во светската кривично-правна литература се прави разлика помеѓу превоспитувањето и поправањето. Поимот превоспитување се однесува на осудените лица кои што претрпеле коренита промена на својата личност, па се смета дека тие нема веќе да извршат кривично дело. Превоспитувањето затоа е подлабок, подолг и посложен процес. Со поправањето се дава друга поимна содржина врзана за осудениот кој што од страв од последиците се воздржува од вршење на кривични дела. Во литературата се наведуваат и други можни разлики во карактерот постигнати со социјална адаптација на осудените лица под дејство на разни третмани.

Според. W.H.Eatonu треба да се прави разлика помеѓу аитутдиналното и функционалното прилагодување. Првото атитудинално прилагодување постои во случај ако лицето е задоволно со својата животна состојба и ако изразува јасни ставови во тој поглед. Се разбира тие ставови и изјави на осудениот за својата состојба имаат индивидуално значење во поглед на нивната прилагоденост - според нив се суди за успехот на терапијата. Функционалната прилагоденост постои кога позитивните очекувања од нејзиниот третман не изневериле. Таа претпоставува дека помеѓу нормата на отпуштеното осудено лице и нормата на општествената средина, односно група кон која што тој треба да се прилагоди не

постојат конфликтни односи. Во спротивно не може да се зборува за функционално прилагодување[9].

Се разбира наведената одредба на поимот ресоцијализација и рехабилитација го изразува неговото потесно значење, кое што некои автори ги наведуваат на поимот третман.

Во поширока смисла на зборот, покрај процесот на промена во личноста на осуденото лице, поимот ресоцијализација се однесува и на други елементи и механизми, кои што водат кон таа цел:

- на испитување и класификација на осудениот,
- начинот на примена на третманот,
- рекласификација,
- отпуштање од установата, и
- пост казнена помош.[10]

## 1.4. Постпенална помош

Подготовката на осудените лица за отпуштање од установата мора да биде поинтензивна пред крајот на траењето на временската казна на секој осуден. Бидејќи во тој период осуденото лице доживува интензивни и различни чувства, така што се наоѓа во психички напната состојба која што е поврзана со нивното размислување за излегување на слобода. Некои осудени лица со нетрпение го очекуваат излегувањето на слобода, други чувствуваат страв пред неизвесноста која што ги очекува при излегување од установата.

Повеќето од нив цврсто се уверени дека по излегувањето од установата ќе живеат во согласност со општествените очекувања и дека никогаш нема да се вратат во слична установа. Има и такви кои што се сосема индиферентни кон сето она што ги очекува на слобода. На сите нив им е потребна помош и подршка. Таква помош најчесто се нарекува внатрешна подготовка бидејќи е насочена на личноста на осудените лица и нивните внатрешни доживувања. Оваа помош најчесто се состои во поттикнување, охрабрување и советување на осудените да

[9] Milutinović M. (1985), Penologija, Beograd: Savremena administracija

[10] Kovac, A., (2009) Resocijalizacija osudzenih lica, Fakultet pravnih nauka – Banja Luka, Foca, str.13

ги пребродат како внатрешните, често конфликтни доживувања. Помошта особено им е потребна на осудените кај кои што не е постигнат поголем степен на успешност на самиот процес на превоспитување.

Установата треба да преземе соодветни мерки со цел давање на помош на осуденото лице. Тие мерки се: должна е консултирајќи го осудениот да го утврди неговиот избор на место на престој по излегувањето од установата, пред отпуштањето осуденото лице треба да се подложи на задолжителен лекарски преглед.

На осуденото лице по неговото излегување од казнено-поправната установа неопходна му е и друга помош. Пред се што нивната средба со слободниот живот е следена со бројни тешкотии и проблеми. Некои од тие тешкотии имаат потекло од самиот факт на престанок на дотогашната грижа и заштита на осудените лица во поглед на сместување, исхрана, облека, здравствена заштита од страна на казнено -поправната установа. Освен тоа тие се грижат како ќе бидат прифатени од страна на семејството и пошироката социјална средина.

Најбитни облици на помош кои што го подобруваат процесот на реинтеграција се:

- давање материјална и парична помош,
- решавање на станбениот проблем,
- давање на здравствена заштита,
- помош во поглед на продолжување на започнатото образование,
- средување на семејните односи,
- морална поддршка,
- охрабрување,
- советување,
- помош во поглед на вклучување на поранешно осуденото лице во општествениот живот.[11]

[11] Исто, Kovac, str.29

## 2. Ресоцијализација на поранешно осудени лица

Постојат многубројни фактори кои што влијаат врз самиот процес на превоспитување и ресоцијализација. Не постои некоја стриктна поделба и класификација на факторите бидејќи многубројните истражувања од година во година ги идентификуваат новите фактори, па самата листа се проширува.

Според Огризовиќ (1956) и според Јованиќ, (2007) помеѓу факторите кои што влијаат врз процесот на ресоцијализација ги издвојуваме:

- организацијата на казнено-поправните установи,
- работата и нејзината организација,
- наставно-образовната активност,
- активноста во слободното време (културно-уметнички, спортски, технички и др),
- колективот на осудени,
- нивното самоорганизирање, и
- надворешните влијанија.

Покрај овие фактори многу големо значење на крајната цел на ресоцијализацијата имаат и други фактори, самите осудени лица, нивните воспитувачи, но и методите кои што се применуваат во рамките на секое подрајче.

Во согласност со предметот и целта на трудот ќе се обидеме во понатамошниот дел од текстот да објасниме како одделни фактори, како што се *индивидуализација на казната, третманот, образованието, работниот ангажман* влијаат на самиот процес на ресоцијализација.

### 2.1. Индивидуализација на казната во функција на ресоцијализација

Кога станува збор за индивидуализација на казната ќе споменеме три аспекти: законска, судска и административна индивидувализација. Она што е заедничко за сите видови е фактот дека сите три сакаат да ја прилагодат казната кон специфичностите и особините на личноста чинител на кривично дело. Треба

да се нагласи дека разликата помеѓу нив е што законската и судската индивидуализација се само во доменот кога ја одмеруваме казната, додека административната претставува индивидуализација кога казната се издржува.

Нејзиното најсоодветно остварување е во текот на извршување на казната од причина што во текот на тој процес самата личност најдобро се запознава и врз основа на особеноста која што со себе ја носи може да следи и соодветен третман кој што ќе даде најмногу ефекти. Некои автори сметаат дека законската индивидуализација воопшто не постои, дека е општо апстрактна и дека зависи само од законските прописи. Во однос на законодавачот поголема можност за индивидуализација има судот. На пример во самата фаза на судење за прв пат се запознава личноста на која што треба да и се одреди кривична санкција. Но времето кое што чинителот на кривично дело го поминува во судницата не е доволно да се запознаат сите негови страни и судот да му одреди соодветен третман во целта на ресоцијализацијата. Можеме да кажеме дека единствено органот кој што ја извршува казната може на најсоодветен начин да го запознае чинителот на кривично дело и да првеземе соодветни мерки со цел негова ресоцијализација (Атанасковиќ, 1988).

Во согласност со претходниот дел на текстот во кој што настојувавме да ги објасниме аспектите, видот на индивидуализацијата можеме да кажеме дека со законската индивидуализација не може да се постигне ресоцијализација. Кога зборуваме за судот се поставува прашањето во која мера може да влијае врз индивидуализацијата на вршење на казната. Некои автори напоменуваат дека во некои земји, на пример Франција, судот учествува во процесот на ресоцијализација.

Станува збор за постоење на специјални судии[12] за примена на кривичните санкции - извршување на кривичните санкции е една од фазите во кривичната постапка, во Р.Хрватска индивидуализацијата се применува и во текот на судската постапка при изборот на мерки и видови казни, со уважување на законските граници кога во прашање е кривично дело и во текот на извршување на казната. Индивидуализацијата во пенитенсијарните услови врзана е само за казната

[12] Атанацковић, Пенологија, 1988, Београд, стр. 139

лишење од слобода. Таа може да се замисли само кај казни кои што траат, а тоа е всушност казната лишување од слобода.

Индивидуализацијата не е цел за себе и дека таа мора да биде подредена од основната цел казнување, односно овозможување и постигнување на оптимални можности за ресоцијализација на осудените лица. Преку анализа на содржините на документацијата за осудениот, со интервју како варијантна за методот разговор, тестирање на осудениот, биографски метод и разгледување, се доаѓа до податоци за осудениот кои што претставуваат надолжни и попречни пресеци за неговата личност, односно услови и фактори на влијание врз нејзиното формирање и дијагноза за акутната состојба и проблемот на личноста.

Прашањето за класификација на осудените лица е старо колку и прашањето на казната лишување од слобода. Тоа во таа мера е битно бидејќи од него зависи функционирањето на затворските установи од една, но и остварување на целите и поентата на санкцијата од друга страна.

Во литературата често пати среќаваме поделба на класификацијата на екстерна и интерна, но според различни автори и терминолошко одредување на овие поделби е различно.

Според Туцаковиќ (Атанацковиќ, 1988) под екстерна класификација подразбираме поделба на осудените во различни пенитенсијарни услови, додека под интерна поделба во одделни категории или групи во рамките на некои установи. Според други, екстерната класификација претставува групирање на осудените врз основа на објективни критериуми како што се: возраст, пол, рецидивизам, социјална положба, здравствена состојба и др.

Целта на ваквата класификација е да се издвојат групи на осудени лица кои во меѓусебен контакт можат негативно да влијаат врз другите осудени лица и со тоа да го попречуваат процесот на ресоцијализација. Интерната класификација поаѓа од субјективните карактеристики на осудениот (особини на личноста, степенот на образование, нивото на способност) и се врши во установата - заводот. Нејзината улога е посебно важна за изработка на индивидуални програми на третман поради спроведување и остварување на ресоцијализацијата.

Во Америка најчесто под класификација во пенитенсијарни услови се подразбира пред се еден вид на метод кој што треба да опфати координација

помеѓу дијагнозата, ориентацијата и прогнозата за време на траењето на целокупниот процес на превоспитување. Класификацијата овозможува одредени средства врз основа на кои што ориентацијата и третманот одат кон цел на прилагодување на целокупниот процес на превоспитување на осудениот и неговите потреби.

Во Европа во склоп на поширок поим на класификација разликуваме како потесни: групирање и класификација. Групирањето на осудениот, овој модел не бара испрашување на личноста и она што најчесто се врши преку административен пат. Класификацијата подразбира сортирање на осудените лица во некои класи врз основа на лични својства и утврдени критериуми на ресоцијализација и таа подразбира сестран и сложен процес на опсервација на личноста на осудениот.

Процесот на опсервација, класификација и реализација на целокупниот третман со цел ресоцијализација во затворскиот систем во Србија има свои специфичности. Опсервацијата и испрашувањето на личноста е делумно. На пример, во казнено-поправните заводи, казнено-поправниот завод за малолетници, Специјалните затворски болници предвидени се стручни тимови, односно одделенија за опсервација и испрашување на личноста која што предлага на кој начин треба да се работи со секој осуден посебно. Кога се во прашање регионални затвори, испрашувањето на личноста делумно е од причина што не постојат тимови туку одделни извршители (воспитувачи, социјални работници) кои врз основа на проценките предлагаат што и како треба да се работи со осудениот.

Поради недостаток на стручниот кадар во последните неколку години кои би биле составните делови на тимовите за испрашување, процесот на самата опсервација, класификацијата и целокупниот процес на превоспитување се доведуваат во прашање. Поради тоа опсервирањето на осудените лица не е потполно, а процесот на превоспитување оскуден, недовршен, некомплетен. Факт е дека еден стручњак од тимот обработува социјални, психолошки и педагошко-криминолошки аспект. Распоредувањето на осудените се врши најчесто според оценката на тимот врз основа на доминантните карактеристики.

Според податоците во последните пет години само Воспитно-поправниот дом, казнено-поправниот завод за малолетници во Ваљево, Заводот во Ниш и во Падинска Скела имале комплетни тимови за испитување на личноста на осудениот. Останатите заводи постојано имале проблем да ги комплетираат сопствените тимови за опсервација и испрашување на осудениот. Во затворите обично испрашувањето на личноста се сведува на земање социјална анамнеза и давање на мислење и предлог за распоредување во одредени одделенија, работно место и категорија на користење на удобности.

Непотполно и делумно испитување претставува сериозен проблем кога се во прашање осудени лица со долги казни, зависници од психоактивни супстанци, со пореметувања во однесување, како и рецидивисти. Околу 2/3 осудени во тие категории не поминале низ сериозно и комплетно посматрање и испрашување. Од вкупно 6.488 осудени (2007) само 1945 осудени или 29,97% поминале комплетна тимска опсервација во затворските институции. Останатите осудени лица се опсервирани на различни начини, обработени од еден или двајца стручњаци, без тестови за способност, тестови за личноста или само напишале автобиографија или пополниле прашалник од социјалниот работник и слично.

Битноста на целосна дијагностика на личноста на осудениот неговата класификација одредува и структура на неговиот третман и целокупен превоспитен процес. Ако не сме извршиле квалитетно испрашување и толкување на личноста на осудениот не е можна ни соодветна интерна класификација на осудениот, како во одредени одделенија, така и во одредени воспитни групи. Несоодветната проценка на личноста на осуденото лице има за последица несоодветна класификација и изработка на индивидуални програми, па со самото тоа и осудените и целта на извршување на казната се во неповолна состојба и со помали шанси за реализирање со однапред поставени цели на ресоцијализација (Стевановиќ, 2007).

## 2.2. Третман во функција на ресоцијализација

Поимот „третман" води потекло од францускиот збор (traiter), што значи третман, ракување. Во стручната литература со него најчесто се објаснува

процесот на превоспитување на осудените лица, како институционално, така и вонинституционално. Конкретно кажано, поимот третман во поширока смисла се однесува на постапување со извршителите на кривичните дела, како во кривичната постапка, така и во процесот на извршување на кривични санкции и подоцна во посткaзнениот период, со тоа што тој се разгледува во сите фази од гледна точка на ресоцијализацијата, како најважен цел на кривичната санкција (Милутиновиќ, 1976).

Согласно тоа разликуваме три фази на третманот:

- судски третман,
- третман на осудени лица за време на издржување на кривичните санкции и
- третман во постпенален период.

Тоа се три фази на третман кои што не смеат да бидат издвоени, посебни ентитети и процеси, туку мора да покажат многу високо ниво на поврзаност. Карактерот на третманот се одредува во зависност од целта на казната, кој што однапред е одреден. Во случај на ресоцијализација се поаѓа од гледна точка дека општествено препорачливо е да се превоспита осудениот, отколку да се очекува негово понатамошно криминално однесување.

Согласно тоа, во современите услови сваќањето на постапките со осудените лица има пошироко значење кое што доаѓа до израз во минималните права на УН за постапување со претстапници. Тоа се однесува не само на методите и мерките на превоспитување, туку и на создавање и одржување на нормални и правилни односи со осудените лица.

Шеесетите и седумдесетите години од XX век во институционалниот третман вложувале голема надеж. Од третманот се очекувало дека ќе претставува силен механизам за специјална превенција на криминалитетот. Многу бргу станало јасно дека третманот е многу тежок процес кој што со себе носи низа неповолни услови како што се криминална инфекција, прионизација, како и долготрајна контроверзност помеѓу службите за обезбедување, надзор и казнување, од една и процесот на ресоцијализација од друга страна.

Голем број на истражувачи во своите трудови за делувањето на третманот потврдувале дека самиот процес на ресоцијализација нема ефект што било поткрепено со големата стапка на рецидивизам. Најважен меѓу нив бил Мартинсон (1974) кој што со своите студии покажал дека третманот нема никакво дејство врз осудените. Во осумдесетите години доаѓа до помирување на оние кои што биле за, односно против ресоцијализацијата што би значело дека некои облици на третман може да го намалат рецидивизмот, односно ресоцијализациајта е можна (Стевановиќ, 2010).

Од една страна имаме резултати од истражувања кои што покажуваат дека казната сама по себе не е ефикасна кога во прашање е рецидивизам. Gendreau, Goggin и Cullen (1999) спровеле квантитативна анализа на 50 истражувања кои што го испитувале односот на должината на затворската казна и стапката на рецидивизам по издржаната казна. Со студијата се опфатени 300.000 осудени лица кои што биле на издржување на казна затвор. Еден од најважните резултати на таа анализа покажало дека осудените кои што издржувале подолга казна затвор имаат благо зголемен криминален рецидивизам, 2-3%, што е во спротивност со хипотезата дека должината на затворската казна затвор ќе го одврати осудениот од идно правење на кривични дела. Од друга страна, многубројни истражувања покажуваат дека ефектите од третманот во текот на издржување на казната затвор влијаат на намалената стапка на рецидивизам.

McGuire (2000) наведува дека во периодот од 1985 до 2000 година прегледани и извршени се 18 метааналитички прегледи на литературата кои што опфаќаат преку 2000 истражувања кои што зборуваат за ефектите од третманот на осудените. Поveќето истражувања и метаанализи спроведени се во северна Америка и се занимавале со третманот на помлади престапници (најчесто малолетници помеѓу 14-21 година), иако некои метаанализи опфаќале и повозрасни осудени лица од различни години. Просечното намалување на стапката на рецидивизам како последица од спроведување на третмански програми врз осудените изнесувала помеѓу 5 и 10%. McGuire (2000) истакнува дека добиените резултати се цврста подлога за носење на заклучоци како може да се отфрли гледиштето „дека на рецидивизмот му нема лек“. Како што во анализите одредени третмански постапки покажале разлики во степенот на

ефективноста при намалување на рецидивизам, извршена е квалитативна анализа која што покажала дека најефективни се третманските програми и постапки на оние кои што поседуваат следни карактеристики (McGuire, 2000):

- теориска втемеленост,
- проценка на ризични фактори,
- криминогени потреби,
- соодветни програми третман-руктури,
- методи и целовитост на програмата.

На самото обликување на третманот при извршување на казната затвор влијаеле резултатите од многуте лонгитудинални и трансверзални истражувања кои што покажале дека релативно мал процент на осуденичка популација (помеѓу 5 и 9%) сочинуваат преку половина тешки кривични дела, па таквите чинители на кривични дела мора да се вклучат во сложени и долготрајни третмански програми кои што кај нив ќе извршат промена на однесувањето, која што ќе се рефлектира по излегувањето на слобода.

Од друга страна истражувањата на криминогените особини на чинителите на кривични дела покажале дека чинителите на различни кривични дела се разликуваат по криминогени особини, а тоа наметнало потреба да се изработат различни третмански програми (содржини, начин на примена и траење) кај кои одредени категории на осудени лица ќе дојдат до намалување на криминалниот рецидивизам по успешното завршување на таквите програми.

Најбројни и најразновидни се посебните третмански програми наменети за чинителите на насилни кривични дела. Исто така, бројни се третманските програми наменети за лица кои што злоупотребуваат домашен миленик (куче).

Истражувањата за успешност на одделни третмански програми при намалување на криминалниот рецидивизам кај осудените вклучени во тие програми покажале дека постои важен процент на осудени лица на кои што им е потребно вклучување во повеќе различни програми (Шариќ, 2006).

## 2.3. Образование, стручно оспособување и работа во функција на ресоцијализација

Образованието на луѓето е компонента на воспитувањето и со него се наоѓа во комплементарен однос. Поради тоа кога зборуваме за образование размислуваме како за една страна од тој единствен процес. Помеѓу теоретичарите постојат различни мислења за тоа до кој период во животот на човекот имаат ефекти воспитно-образовните влијанија, а некои од нив сметаат дека воспитувањето и образованието на луѓето е можно само во период на нивната младост. Меѓутоа, се поголем е бројот на оние кои врз основа на сегашното сознание докажуваат дека можноста и ефикасноста на воспитувањето и образованието не е ограничена со календарскиот раст на човекот.

Поради својата улога во социјализацијата, образованието станало составен дел од третманот на осудените со цел како агенс на социјализацијата да и помогне и на ресоцијализацијата. Средното, односно професионалното образование на осудените лица претставува силно средство при ресоцијализацијата. Преку овој облик на образование осудените лица се оспособуваат за општествено-корисна работа и успешно вклучување во општеството по издржаната казна затвор. Со тоа на нив им се овозможува вклучување во процесот на работа на слобода, истовремено го спречува повторното враќање кон криминално однесување (Ковач, 2009).

Процесот на образование не е никаква новост кога станува збор за казнено-поправни заводи. Во далечната 1872 година во Лондон на првиот конгрес на Меѓународната комисија за кривично право и казнени заводи на дневен ред била дискусијата посветена за образование на осудените.

За оваа проблематика се расправало и на наредните конгреси од што произлегува следниот заклучок:

- Во рамките на затворските установи потребно е да се организира учење на разновидни занаети;
- осудените би требало да го изучуваат оној занает кој што најмногу им одговара; наставата би требало да биде разновидна, а целта на

образованието да тежи кон оспособување на осудениот за „поштен живот на слобода“;

- мора да постои план и програма за учење на осудениот; осудените лица треба да учат пишување, читање, аритметика и основни на цртање (Атанацковиќ, 1988).[13]

## 3. Превоспитен третман во процесот на ресоцијализација и социјална интеграција

Идејата за превоспитување на сторителите на кривични дела, иако е релативно нова, веќе има богатата историја. Таа идеа за превоспитување, односно ресоцијализација на сторителите на кривични дела, за нивно лечење, поправање, значи за третманот произлегла пред повеќе од сто години во позитивистичкото училиште за криминологија. Главни претставници на тоа училиште биле: Лобросо, Гарофало и Фери. За разлика од учесниците во класичното училиште, вниманието од казнено дело се насочува кон личноста на престапникот. Престапникот се опишува како болна личност која што треба да се подложи на лечење, значи третман. За воведување на третманот особено се залагал Фери. Потоа на сцена стапило социолошкото училиште кое што произлегува од конфликтот помеѓу подржувачите на класичното и позитивистичкото училиште. Тоа училиште исто така ја застапува идејата за третман. Социолошкото училиште ја нагласува важноста на социолошките чинители во генезата за криминалитетот. Од класичното, позитивистичкото и социолошкото училиште се појавува неокласичното училиште кое што го осовременува сваќањето на класичното училиште поврзувајќи ги и приближувајќи ги сваќањата на позитивистичкото и социолошкото училиште. Преку кривичното дело почнува да се придава поголемо внимание на престапникот, односно обележјата на личноста на престапникот.

Меѓутоа, концепцијата на третманот за превоспитување добива истакната позиција дури по Втората светска војна, кога доаѓа до формирање на училиште со нова општествена одбрана. Основните цели стануваат превенција и третман,

[13] Borcevic, M., (2011) Uticaj pojedinih faktora na process resocijalizacije osudzenih lica, Univerzitet Novi Sad, Str.7-11

односно ресоцијализација. Се истакнува важноста на индивидуализираниот пристап, односно индивидуализиран третман, кој што треба да се одреди по испитување на личноста на престапникот. Меѓутоа, многу често се упатуваат критики на ваквата концепција на превоспитувачки третман, пред се заради се поголемиот број на повратници во казнените установи, а од друга страна критиките биле насочени на можната злоупотреба на третманот, односно во таа смисла се барала заштита на осудените. Тука често пати се истакнувал и проблемот на конфликтната улога на казната и третманот.

Сторителот на кривичното дело треба да биде казнет, значи треба да го изложиме на лоша казна заради стореното дело, а истовремено треба кај него да се развива и позитивното обележје на личноста.

## 3.1. Видови на превоспитен третман кој е од значење за социјалното интегрирање на осудените лица по напуштање на КПУ

Денес во современата казнена литература многу е раширена употребата на поимот „третман". Во прашање е израз со француско потекло (traiter) чие што јазично значење - постапување, однесување. Него го употребуваат како теоретичари, така и лица кои што практично се занимаваат со проблемот на превоспитување на осудени лица. Во таа таканаречена вообичаена примена тој содржински се однесува на третманот на осудените лица кои што извршиле кривични дела, на примена на институционалните и вонинституционалните мерки за превоспитување кон нив, на нивното социјално адаптирање и оспособување за нормален живот на слобода.

Според некои автори реформираниот третман подразбира отстранување на индивидуалните причини за криминалитет. Други го сметаат за динамично временски недефиниран процес. Меѓутоа, потесното сфаќање на третманот тесно е поврзано и со мерките за постапување со осудените лица пред фазата на институционален и вонинституционален третман, тој поим може да се прошири и на тие мерки кои што мораат според својот карактер да бидат такви, доколку тоа е можно, да ги погодат целите на нивно превоспитување и социјално релаксирање. Конкретно кажано, поимот третман, сватен во оваа поширока смисла се однесува

на постапување со извршителите на кривични дела, како во кривичната постапка, така и во процесот на извршување на кривичните санкции и подоцна во постказнениот период, со тоа што тој се посматра во сите фази од поглед на ресоцијализација, како најважен цел на кривичната санкција. Согласно тоа разликуваме судски третман и третман на осудениот за време на издржување на кривичната казна вклучувајќи го и третманот во постказнениот период.

„Во текот на кривичната постапка судијата е должен да води сметка за целите на превоспитување на извршителите на кривични дела. Тој треба да биде свесен дека треба да ги пренесе на патот при превоспитувањето. Идејата за превоспитување мора да стои во центарот на внимание во текот на постапката, која што се води кон нив. Тоа налага воспоставување на соодветна комуникација помеѓу судијата и оптуженото лице и создавање на таква клима во судницата, која што ќе му влева доверба во судијата, во неговата намера да му помогне. Од друга страна, на судијата мора да му биде јасно во процесот на судење и изрекување на кривична санкција што може да се постигне со примената на одредена санкција. Тоа значи дека концептите судење и извршување мора да бидат комплементарни, што бара од кривичната постапка да „стои под идејата личност“, притоа давајќи друга ориентација и содржина на самата казна“. (Милутиновиќ, 1977, стр. 86-87).

Меѓутоа, иако влијанието на судот е важен за успехот во ресоцијализацијата сепак може да се каже дека основата на превоспитниот третман лежи во институционалниот и вонинституционалниот механизам во процесот на извршување на кривичната санкција. Важните превоспитни проблеми се решаваат во таа фаза на постапување со осуденото лице, па затоа и постапувањето во неа може да го нарече третманот во вистинска смисла на зборот. Токму од тие причини на институционалниот третман за превоспитување ќе му посветиме повеќе внимание во трудот.

Третманот на осудените лица за време на издржување на казната може да се раздвојат на повеќе начини и тоа:

- според содржината,
- според обликот на изведување и
- според категоријата на осудените.

Содржината на третманот опфаќа индивидуална терапија, осуденичка работа, општо и стручно образование, културно-просветна работа и рекреација. Обликот на изведување на третманот подразбира индивидуална и групна работа.

На крај поделбата според категоријата на осудените подразбира општ и посебен третман. Општиот третман на осудениот се состои од индивидуална работа со осудениот, работно ангажирање, културно-просветната и рекреативна активност. Посебниот превоспитувачки третман се однесува на оние осудени кои што не можат успешно да се вклучат во општиот третман. Тука спаѓаат: старите и болни осудени, алкохоличари и наркомани, потоа личности на кои што им е потребно општо и стручно образование. Според овие личности неопходно е преземање на посебни здравствени, образовни и стимулативни мерки заради нивно успешно вклучување во општиот третман и остварување на основната цел за вршење на кривична санкција.

## 3.2. Улога и значење на превоспитниот третман за ресоцијализацијата и социјалното интегрирање на осудените лица

Од начинот на постапување кон осудените лица, од методот и обликот на третман зависи дали тие ќе се вратат во општеството како негови корисни членови или ќе продолжат со криминално однесување, па заради тоа мора да им се обрне посебно внимание, како во поглед на постапувањето со нив во поширока смисла, така и со оглед на примената на превоспитните третмани во потесна смисла. Ресоцијализацијата и социјалната интеграција на осудените лица се постигнува со примена на таков третман во потесна смисла. Социјална интеграцја на осудените лица се постигнува со примена на таков третман кој што е во состојба да ја измени нивната личност, нивните сваќања за вредностите и ставовите кон нив во општеството воопшто, нивниот стил на живот и работа, навиките и желбите, а со самото тоа и нивното однесување во општеството. Тоа значи дека превоспитниот третман треба да поаѓа од секое поединечено осудено лице од неговите лични својства - биолошки, психолошки и психо-социјални, од криминогените фактори кои што влијаеле на неговото инкриминирано

однесување. Тие својства мора да служат како појдовна основа за неговото одредување и примена.

Таквото сваќање на третманот бара на осудениот поединечно да му се приоѓа, да се избегнуваат априорни шаблони на превоспитување кои што се неспоиви со индивидуализација на третманот, како неопходен услов на ресоцијализација. Од индивидуализацијата, како важна карактеристика на третманот произлегува неговото друго важно обележно - постапноста во третманското приоѓање на осудениот.

Темелна варијабла за ефикасност на третманот секако е рецидивизмот. Меѓутоа, индикаторите за ефикасност во превоспитниот третман секако се и продолжување на образованието, вработување, вклученост во корисни содржини во слободното време, отсутност на социјално-патолошки појави и слично.

Од превоспитниот третман се очекува многу во поглед на социјалната интеграција на осуденото лице. Во врска со тоа може да се каже дека превоспитниот третман денес претставува централно прашање на пенологијата. Современите пенолошки искуства зборуваат дека ниту самата институционална социјална интеграција не е доволна, прилагодувањето на условите на живот во институтцијата не може да се постигне во потполна мерка при отсуство на соодветни третмани на слобода кои што се состојат од разни видови постказнена помош. Таквата помош и заштита е неопходна од две причини. Прво, таа му помага на поранешниот осуденик полесно да се реинтегрира во општествениот живот и да ги реши проблемите кои што на тој пат го очекуваат и второ, соодветна постказнената заштита многу го намалува повторното криминално однесување (враќање).

Постинституционалната помош зависи во голема мера од успешната примена на третманот во установата. Доколку третманот е полош, тоа е поголема потреба за постказнена помош. Воглавно се работи за два вида на помош - една е внатрешна, друга надворешна со кои што практично се продолжува и комплетира институционалниот третман. Внатрешната помош се состои од давање на поттик, охрабрување и совет на осуденото лице како да ги реши своите проблеми со кои што ќе се соочи веќе при напуштање на установата.

Надворешната помош се изразува во разни облици како што се:

- прашањето на материјална помош,
- обезбедување на вработување,
- решавање на привремено сместување,
- давање помош во решавањето на семејните прилики и сл.

Меѓутоа, заради состојбата во нашето општество оваа помош често не се дава. Често пати осудените лица на кои што им е неопходно да им се укаже помош се препуштени сами на себе по излегувањето на слобода, што може да има штетни последици по нивното понатамошно однесување.

Во такви случаи каде постои расчекор помеѓу третманско-превоспитната политика установите и несоодветното функционирање на постказнената помош, постои опасност дека многу осудени лица ќе се впуштат во повторно вршење на кривични дела. Токму од тие причини неопходно е да се активираат и да се влијае на сите организации кои што би требало да се занимаваат со постказнено прифаќање на осудените лица. Всушност со тоа проширување во правец на поправање на слободата се комплетира третманот во заводот и се остварува завршниот чин на ресоцијализацијата и социјалната интеграција.

## 3.3. Влијание на превоспитниот третман врз успешноста во социјалното интегрирање

Врз процесот на осуденото лице влијаат бројни ***егзогени фактори***:

- општествениот и личниот стандард,
- организираноста и уреденоста на државата и општеството,
- распространетоста на криминалот и степенот на криминогена зараженост,
- нивото на образование,
- семејството,
- невладините организации,
- центрите за социјална работа и др.

Како и ендогени фактори:

- мотивација,
- структура на личноста,

- здравствената состојба,
- алкохолизам,
- зависност,
- хередитарност, и др.

Институционалните фактори:

- затворска казна,
- превоспитни третмани,
- затворенички кодекс,
- депривација.

Не се намалува значењето на сите наведени фактори, мораме да истакнеме дека прифаќањето на затворската казна и спроведувањето на соодветен превоспитен третман, прифатен од страна на осуденото лице, претставува основа за успешно спроведување на процесот на ресоцијализација.

Токму од таа причина неопходно е перманентно да се работи на доградување и моделирање на институционалниот превоспитен третман потпирајќи се на бројните искуства на професионалците кои се занимаваат со проблематиката на социјално интегрирање по напуштање на установата.[14]

## 4. Прифат на осудените лица со акцент на подготовката за социјална интеграција во општеството

Поголемиот дел од осудени лица кои што доаѓаат на издржување на казна во казнено- поправниот дом имаат веќе затворско искуство, бидејќи во времето на судењето биле во истражен затвор, но за сите нив и покрај тоа, почетокот на издржување на казна е најкритичен во поглед на прилагодувањето и заради тоа и најпогоден за почеток на превоспитувањето.

При прием на осудените лица во казнено-поправната установа се пристапува кон испитување на личноста.

Постојат три одделенски организации за испрашување на личноста.

[14] Macanovik, N., 2008, Prevaspitni tretman u funkciji resocijalizacije osudjenih lica, Socijalna misao, Стр.143-145

- Прво се појавиле таканаречените „***класифицирани клиники***“, солидно кадровски и технички опремени. Тие клиники вршеле проучување на типовите и особините на личноста на осудениот и за тоа создавале студии и анализи со предлог третман за секој осуден и програма за корективна работа. Меѓутоа, управата на установата предлогот може да го прифати или да не го прифати. Најчести ставови на клиниките и персоналот во установата не се сложувале и заради непрактичноста на предложените програми за постапување, кои што не ја признавале специфичноста на установата бидејќи не ги познавале.
- Вториот пристап се одликува со ***интеграција на стручен и управен персонал***. Во класификациската комисија стручни лица вршат опсервација и ја проучуваат личноста на осудениот, па изградуваат програма и предлагаат нејзино применување на заеднички состанок. со управниот одбор.
- Третиот пристап е дијагностички центар. Таков центар е посебна единица (како клиника) и таа врши проучување и планирање на работа со осудени лица, по што осудените се праќаат во соодветна установа каде ги преземаат класификациските комисии на тие установи. Слабоста е што нивните програми најчесто се предлози, бидејќи се идеални типови, па нивното применување е доведено во прашање од објективни или субјективни причини.[15]

Кај нас како модел е прифатен интегрираниот класификациски систем, со потребна модификација и прилагодување. Испитувањето на личноста бара тимски и интердисциплинарен процес со цел да се процени моменталниот статус на моќ на социјално интегрирање, за да може да се утврди на што треба понатаму да се работи со лицето за по напуштање на установата да биде полесно социјално интегрирано во општеството. Заради тоа тимот кој што работи на таа проблематика е направен според стручни профили: психолог, педагог, социјален работник, психијатар и лекар од општа пракса. [16]

[15] Nikolić Z. (1985), Sociologija kazneno-popravnog delovanja, Niš : Gradina
[16] Kovac, A., 2009, Resocijalizacija osudjenih lica, Fakultet pravnih nauka Aperion – Banja Luka, Foca, Стр.15

## 5. Европски искуства за интегрирање на осудени лица по издржаната казна затвор

Ресоцијализацијата на осудените лица е проблем во светот и кај нас. Многу автори се занимавале со истражување на малолетничката деликвенција при што проблемот на деликвенција кај повозрасните лица некако останал во втор план. Тие укажуваат на сериозноста и тежината на малолетничката деликвенција која што се повеќе е во пораст. Престапништвото како појава бележи пораст во повеќето земји. Во прашање се облици на престапничко однесување на младите кои што претходно се јавувале поретко во развиените земји. Во поново време тие облици се се почести и се јавуваат и во други земји. Во извештаите на ООН се истакнува дека е во пораст криминалитетот кај младите со посилен степен на општествена опасност, како што се убиства, упади и кражби. Така се наведува дека бројот на убиства во Германија се зголемил од 1954 до 1958 година за 14,05%, а кражбите за 39,38%.

Особено загрижува фактот дека младите во однос на целокупниот криминалитет во значително поголем број учествуваат во вршењето на изразито тешки кривични дела на насилство. За да биде уште понеповолно тоа учество постојано се зголемува. Така малолетниците во САД во 1941 година учествувале во вкупниот број убиства со 2% за да тоа учество во 1963 година се зголеми за 7,9%. Општиот тренд за пораст на малолетничката деликвенција и нејзините одделни облици се следи во многу земји и зголемувањето на рецидивизмот во редовите на младите престапници.

| | Ф | % |
|---|---|---|
| **Неосудувани во минатото** | 11.544 | 26,3 |
| **Само еднаш претходно биле осудени** | 7174 | 28,8 |
| **Два или повеќе пати осудувани** | 6203 | 24,9% |
| **ВКУПНО** | 24.921 | 100 |

Според податоците кои што ги наведува W. Middendorf од вкупно 24.921 малолетници кои што биле отпуштени за еден подолг период од англискиот борстал - завод, 46,3% порано не биле осудувани, 24,9% биле осудувани уште еднаш, додека 28,8% биле два или повеќе пати осудувани. Слична е состојбата и во другите земји. Бројните криминолошки истражувања утврдиле дека меѓу возрасните осуденици се наидува на висок процент на оние кои што својата криминална активност ја започнале во младоста.

Според едно истражување на E. Freya, во Швајцарија од 70% од возрасните рецидивисти 75,7% прв пат се осудени пред 21 година. При анализа на материјата барани се низ литературата при што не наидов на истражувања за процесот на ресоцијализација на пораснатите деликвенти кои што се спроведени кај нас.[17]

Може да се заклучи дека оваа проблематика кај нас е во втор план иако од успехот на ресоцијализациајта зависи и успехот на општеството. Всушност би можело да се каже дека степенот на зрелост на едно друштво се манифестира помеѓу другото и во неговиот однос кон осудените лица. Токму тоа го имал на ум Достоевски кога напишал: *„Степенот на цивилизација на некое општество се проценува од посматрањето на неговите затвореници“.*[18]

## 5.1. Германија

Министерот за правда на Германија во говорот во 2002 година соопштил концепт на казна базиран врз третманот: „Целта на затворањето е реинтеграција на престапникот во општеството. Ова единствено може да се постигне ако казнениот систем им овозможи на осудените лица сфера каде ќе можат да го вежбаат своето специјално однесување на начин на кој што ги охрабрува да станат независни, одговорни и способни сами да управуваат со својот живот.

Отворените заводи се делумно погодни за оваа цел, како што следи конституционалниот принцип: Колку што се потребни затворања и колку нормалниот живот е можен. Тешкотијата на работата е да се најде алка помеѓу генералната јавна безбедност и во исто време да се постигне казнената цел за

[17] Jašović Ž. (1983), Kriminologija maloletničke delikvencije, Beograd: Naučna knijga

[18] Isto, Kovac, 2009, Str.10

казнување". Преодот помеѓу затвореништво и слобода мора да биде во фокусот на поголемо внимание за да се подобрат шансите за социјална реинтеграција. И покрај современиот концепт кој што затворскиот систем во Германија го има, реалната состојба во заводите е многу сложена и со полно предизвици и проблеми. Така што затворите во Германија ги карактеризира голема пренатрупаност, недостаток на сместувачки капацитети, а посебно е изразен проблемот за безбедност.

Во последните шест години бројот на осудени лица е зголемен за една третина. Hajnc Cornel (2001) како причина за порастот на осудената популација го наведува изразениот пораст на осудени лица помеѓу младата популација. Како еден од причините се наведува и податокот дека од година во година се зголемува категоријата на осудени лица кои што се зависни од алкохол и дрога, како и насилнична популација, па така овие категории на осудени не се добри за распоредување во отворени затвори со што во затворените заводи се повеќе се зголемува бројот на осудени лица.

Големата пренатрупаност на затворите овозможува полесно формирање на субкултурни средини, односно неформални заедници помеѓу осудените (Klaus Lange-Lengut, 2000). За германскиот затворски систем карактеристично е и присуството на голем број на странци и тоа околу 35% кои што најчесто имаат статус на затворен третман. Барајќи решенија кои што можат да го унапредат казнениот систем често пати се водат дискусии за:

- развојот на алтернативни казни,
- развој на отворени заводи,
- воведување на нови видови третман,
- подготовка на осудените за отпуштање,
- поврзување со локалните заедници,
- волонтирање во заводите,
- класификација на странците,
- вклучување во работа со осудени од социјални институции,
- добротворни друштва и сл.

Во процесот на остварување на третманот се инсистира на тимско делување на сите учесници во процесот на работа со осудените лица.

Посебно место има социјалната служба (штабот) кој што е составен од свештеници, лекари, психолози, педагог-учител, психолог, социјален педагог и социјален работник. Делокругот на работа на сите служби јасно е дефиниран.[19] Така:

- Свештеникот извршува работи за организација на верското искажување на осудениот во условите во затвор. Свештеникот може да биде постојано вработен или надворешен соработник. Свештеникот кој што е постојано вработен во заводот има право по потреба да ангажира надворешни свештеници во време кога има важни верски празници.
- Медицинската заштита се обезбедува по пат на постојано вработен доктор. Само во исклучителни случаи може да се пренесе на хонорарни доктори или доктори по договор.
- Педагозите-учители ја водат наставата и управуваат со затворските библиотеки, спроведуваат курсеви и семинари, го координираат обликувањето на слободното време. Педагозите учествуваат и во дополнителното образование на службениците.
- Психолозите битно учествуваат во третманот на затворениците применувајќи специфични терапевтски методи (дискурзивни терапии, биохевиористички терапии, советувања и слично). Во суштина психолозите извршуваат индивидуални и групни терапевтски третмани и психодијагностички и прогностички активности и слично.
- Социјалните работници и социјалните педагози се најбројна струка во социјалната служба и тие даваат социјална помош на осудениот внатре во заводот, како и по отпуштањето од издржување на казната.

[19] Bošković, M i Radoman, M.(2002), Penologija, Novi Sad

Во германскиот затворски систем силно е развиен пост казнениот третман и од тие причини преку 1200 социјални работници и социјални педагози се вработени во тој систем.

Остварувајќи ја зададената концепција на извршување на казната лишување од слобода при остварување на третманот вклучени се разни социјални, хуманитарни организации, здруженија и поединци кои што можат да помогнат при интеграција на осудениот во општеството. Тој сегмент на работа е во постојан развој и се повеќе се шири и добива на значење при социјализацијата на осудениот кој што се подготвува за излегување од затвор или веќе излегол од него. Оценката за компетентноста и намерите на институциите, организациите, здруженијата и поединците кои што сакаат да му помогнат на осудениот ги дава извршниот орган во установата.[20]

За функционирањето на затворскиот систем во Германија многу важна улога има и затворскиот совет - тоа е институција која што ја претставува јавноста и извршува дополнителен вид на општествено делување во прв ред за успешност на структурата на третманот во заводот во општа смисла. Затворскиот совет се формира од членови кои што врз основа на општото ангажирање во општеството се компететнти за перцепција на јавните прашања врзани за извршување на казната, а кои што не се составен дел од затворската администрација.

Законодавецот имал намера јавноста институционално да ја воведе во казнените установи. Совети формираат покраинските правосудни органи, односно претседателите на службите за извршување на казни во период од 2-5 години. Советите бројат од 5 до 9 членови во зависност од големината на заводот и обврзани се да ги чуваат професионалните тајни кои што ги дознаваат во установата. Тие имаат непречен пристап до осудените лица, право на разгледување на заводот и на увид сите важни акти и одлуки на затворската управа. Функцијата на советот се гледа во посредувањето помеѓу затворот и јавноста, пренесување во јавноста реална слика за казнените установи, советодавни и посреднички активности, соработка за грижа за осудените,

[20] Heinz, Cornel: (2002), „Neuere Entwicklungen hinsichtlich der Anzahl der Inhaftierten in Deutschland“ (Recent developments in the number of prisoners in Germany), in Neue Kriminalpolitik

контрола за остварувањето на целите на установата, помош при интеграција на отпуштените осудени лица и слично.

Остварувањето на третманот подразбира и активен однос на осуденото лице во тој процес. Законот за извршување на санкции предвидува учество на осуденото лице во индивидуалното обликување на сопствениот третман и остварување на целите во рамки на извршување на казната, но и обврска установата да му овозможи на осудениот учество во коодлучувањето, односно обврската овозможува партиципација во сопственото превоспитување. Коодговорноста на осуденото лице има за предмет прашања од заеднички интерес и ги опфаќа сите области кои вклучуваат и организациски и персонални прашања. Обемот на коодговорност поблиску е дефиниран со одредбите за предностите. Овој вид на активност на осудениот во затворскиот систем многу активно се користи и покажал добри резултати особено при намалување на тензијата помеѓу осудените.[21]

## 5.2. Велика Британија

„Обезбедувањето на помош за луѓето при напуштањето на затворот е призната како достојна и важна добротворна активноста во два века“.[22] Следејќи го примерот на Quaker Elizabeth Fry која е основач на „Дамското здружението за подобрување на жените осудени“ во Newgate, Лондон во 1817 година, здружението чија цел била „да им обезбеди работа и образование за жените кои што се надеваше,“ ќе ги направат послушни и мирољубиви додека се во затвор, и респектабилни кога ќе заминат оттаму. [23] Подоцна, како дел од поширокото движење за социјална реформа, други локални организации биле создадени за да им помогнат на осудените лица.

[21] Stevanovic, Z., (2008) Osnovne karakteristike zatvorskog sistema u Nemackoj, Strani pravni zivot, Institut za kriminoloska I socioloska istrazivanja, str.173-176 , udk: 343.291 (430)

[22] Арнаудовски, Љупчо, Пенологија, наука за извршување на кривичните санкции, Правен факултет, Скопје, 1988

[23] http://www.salvationarmyusa.org/usn/www_usn_2.nsf.

На пример, „во Ливерпул во 1870 година“ затворската работа „била основана и на отпуштените осудени лица им бил понуден бесплатен појадок и охрабрување да дадат заклетва и да станат соработници“.[24] Од 1897 година, 56 организации за понатамошна грижа им даваат совети на отпуштените осудени лица. Во 1937 година овие локални организации се собраа да формираат Националната асоцијација за помош на отпуштените затвореници (НАПОЗ).[25]

Во 1953 година според домашниот Канцелариски извештај, Максвел извештајот, по-грижа работата беше професионализирана и ова беше засилено во 1963 година од страна Извештајот од Советодавниот совет за третманот на прекршителите (ACTO), Организацијата на по-заштита.[26]

Националната асоцијација за помош на отпуштените затвореници беше распуштена и нејзините средства поради новоформираната `Национална асоцијација за заштита и преселување на престапниците` (NACRO). „Главната улога за NACRO беше видна, во тоа време, да биде да се одржи во живот вклучувањето на волонтери во затворите и грижата по отпуштањето на затворениците“.

Според Анкетниот извештај на Институтот за кадри и развој, Лондон објавен во мај 2007 година, под наслов „Вработување на поранешните престапници за да се фати талентот“ поранешните осудени лица најверојатно ќе бидат ангажиран од страна на здруженијата на граѓани. Поранешните осудени имаат најмала веројатност да најдат работа во приватниот сектор.[27]

---

[24] Maguire, M., Raynor, P., Vanstone, M. and Kynch, J. (2000) Howard Journal of Criminal Justice, Vol. 39, No. 3, 234. cit. in Coyle, Andrew, Understanding prisons: Key issues in policy and practice, McGraw-Hill, Open University Press, 2005, p. 157

[25] Davies, M. (1974) Prisoners of Society: Attitudes and after-care, International Library of Social Policy. London: Routledge & Kegan Paul. cit. in Coyle, Andrew, Understanding prisons: Key issues in policy and practice, McGraw-Hill, Open University Press, 2005, p. 158.

[26] Prison and Borstal After-Care: annual report of the Council of the Central After-Care Association, 1963. H.M. Stationery Office. 1965

[27] Chartered Institute of Personnel and Development, (CIPD), “Employing ex-offenders to capture talent”, Survey report, May 2007. (Available at: http://www.cipd.co.uk/NR/rdonlyres/CC2DF252-2364-4214-9A7A- 4C4212CC4EFA/0/empexoffndcaptalpdf.pdf%20)

Само осум проценти од британските работодавци што вработиле поранешно осудени лица велат дека ќе бидат подготвени да ги споделат овие информации јавно, според истата анкета. Повеќето работодавци стравуваат дека тоа може да им го оштети угледот на нивните компании.

Сепак, резултатите од истражувањето покажуваат дека работодавците не треба да бидат толку загрижени. Шеесет и пет отсто од компаниите што вработиле поранешно осудени лица објавија дека имале позитивен ефект врз имицот на организацијата. Друга организација која обезбедува грижа за поранешно осудени лица е „Св. Гил фонд".

Организацијата има политика на вработување на поранешно осудени лица . Од 150 членови на персоналот, 40 се поранешно осудени лица. При вработувањето поранешно осудени лица се постигнува двојна корист. Кога ново пуштените осудени лица ќе го посетат „Св. Гил фонд" тие се чувствуваат посигурни, бидејќи вработените имаат искуства многу слична на нивните.[28] Покрај тоа, голем број на поранешно осудени добиваат постојана работа. Сепак, тие добиваат значајна владина помош. Околу 70 отсто од средствата ги добиваат од централните и локалните власти, додека остатокот доаѓа од донации. Тие соработуваат со дваесет затвори во Велика Британија и секој месец тие наоѓаат дом за 100 бивши осудени лица. Имено, работата на НВО, како што е „Св. Гил фонд" е надополнување на владината политика, која има цел да спречи исклучување на поранешните осудени лица надвор од пазарот на труд. Да заклучиме, Обединетото Кралство има широки успешни практики за обезбедување на пост казнена помош во минатите векови, и тоа би можело да послужи како добар пример за другите земји, особено за Република Македонија, прашање што се дискутира подоцна во текот на трудот.[29]

---

[28] Fotinoska, Ruzica, `Freed Prisoners Remain Caught Behind Bars`, 19 October 2010. (Available at:http://www.balkaninsight.com/en/article/freed-prisoners-remaincaught-behind-bars).

[29] Ibid, Drakulevska, G.A., 2012, p.5-9

## 5.3. Социјална реинтеграција: Стартегии за пред и пост-отпуст на осудени лица во Ирска

Може да се претпостави дека ослободувањето од затвор ќе доведе до големо емоционално ослободување на осудениот. Консултациите на тимот сметаат дека ова може да биде многу трауматско искуство, особено за оние осудени лица кои што биле во затвор подолго време и се ефективно институционализирани, на пример оние кои што влегле во затворот поради нерешни семејни проблеми; кои што имаат историја на употреба на супстанци; или оние кои што немаат сместување или тренинг/вработување по нивното отпуштање.

Осудените лица имаат четири клучни функции: *Казна, Одвраќање, реформација/рехабилитација* и *затворање.* Затворите се реалност и неопходен одговор за сериозно криминално однесување. Важно е да се разјасни, дека затворањето е казна и кога еднаш некое лице е внатре, државата има одговорност да обезбеди дека осудените се третираат со достојна почит. Предизвиците за затворските сервиси е да се минимизира ризикот од повторна навреда, кога осудените ќе се вратат во општеството.

Намалувајќи ја повторната навреда може да се постигне преку многу начини:

- правејќи го затворот како лошо искуство што е можно повеќе;
- Приодот секако е неприфатлив бидејќи му коси на човековото достоинство, ниту пак постојат докази дека таков приод е успешен и е во рамките на обврските на владата за рамноправност и социјална инклузија;
- Со задржувањето на луѓето во затвор колку што е можно подолго, што е многу скапо за оние кои плаќаат данок, но е потребно во многу екстремни случаи отколку нормите; и
- Преку обезбедувањето осудените да имаат шанса да се подготват за учество во заедницата по нивното ослободување; ова значи дека времето поминато во затвор треба да биде искористено продуктивно што е можно повеќе за да се обезбедат вештини потребни за учество во нормалното општество по отпуштањето.

Да се мотивираат осудените лица да ги искористат услугите во затворот, како дел од нивниот Казнен план и подготовката за нивна реинтеграција во општеството е клучот. Како поднесување Тимот истакнува: *„... тоа е нереално да се очекува дека луѓето ќе го напуштат затворот и ќе почнат да водат социјално вклучени, без криминално постоење без никаква поддршка да се стави во место за нив пред тие да ги завршат нивните казни. Нашето искуство покажа дека*

*многу луѓе го напуштаат затворот и се враќаат во ништо. И кога ова е случај, тие немаат ништо да изгубат од повторна повреда и затворот станува дел од шемата на нивното нормално егзистирање. Станува начин на живот. За овој модел да се промени треба да се направаат интервенции во текот на периодот во затвор и преку ослободување од затвор во пошироката заедница*".

Следниот предлог е во преден план:

- Планот за реинтеграција од почетокот на казната како норма;
- Да се надгради тренингот, едукацијата и третманскиот сервис додека се во затвор;
- Развој на уогата на Затворските офицери во реинтеграцијата;
- Затворските установи треба да ги подготват осудените лица за нивното ослободување (веќе покриено во Секција III); и
- Препознавање на вредноста и поддршката на осудените лица преку врски со нивните членови од семејството.

## 7.2 План за реинтеграција од почетокот на казната како нормативна мерка (Права на осудените)[54]

Како што видовме, една од бариерите за вистински Казнен Менаџмент во минатото беше преполнетоста на затворите и последователната употреба на привремено ослободување за да се контролира бројот во затворот. Програмата за затворско-градење сега се однесува на овој притисок, и ова отвора пат за подобро планирање на казната како норма. Тимот препорачува дека сите осудени кои што влегуваат во затворскиот систем треба да се подложат на Казнен Менаџмент за управување.

Потребно е да се креира механизам кој ќе им овозможи на осудените лица можност да имаат нерешени поплаки независно надминати, кога се во затвор и притоа одговорност од државата. Ова е важно во препознавање на улогата на природната правда и исто така за одржување на висок углед за јавниот сервис. Осудените кои лица што го напуштаат системот со чувство на јасност може да имаат тешкотии за доверба кај други законски агенции кои што можат повратно

[54] Осврт на казнено – поправна установа во Ирска и нивни стратегии

да го попречат нивното реинтегрирање во општеството. Направена е обврска за етаблирање на Затворскиот инспекторат, но сеуште не е одлучено дали улогата на инспекторатот ќе вклучи и резолуција за индивидуални случаи.

### 7.3 Тренинг, едукација и третман во затворот како аспект на социјална интеграција

Истражувањата кажуваат дека осудените лица често пати се невработени и немаат доволно тренинг и едукациски квалификации кои што се потребни да им обезбедат вработување по ослободувањето. Тие исто така немаат персонален развој потребен за потполн бенефит од едукацијата и тренингот, и затоа им е потребна дополнителна помош во овие области во прв степен. Затворите даваат шанса за вакви потреби и истражувањата направени индицираат дека програмите фокусирани за вработување кои што водат кон вработување или барање работа се најефективните начини за намалување на повторната навреда. Поднесок добиен од поранешено осудено лице ја содржи следната обсервација: *„Мнозинството од лица кои што поминуваат низ затворскиот систем се враќаат повеќе од еднаш. Рецидивизмот е висок и мнозинството од лицата кои што влегуваат во затворскиот систем се неуки и имаат ниски стандарди и во едукацијата. Единствениот начин да се спречи кругот на рецидивизам е да се едуцираат и обучат лицата додека се во затвор и да се олесни продолжувањето на едукацијата/тренингот по ослободувањето*".

Интервјуата со оние кои што имаат тренинг во Единицата за тренинг Mountjoy, кажуваат дека сите имале аспирации да имаат добра работа, сакале да го прекинат кругот на сиромаштија, зависност и криминал и да „направат нешто од нив" по отпуштањето (European Social Fund, 1998: p.148).

Евалуацијата на Европскиот социјален фонд заклучува дека обуката на осудените лица е потребна со цел да се покаже дека пазарот на трудот не прифаќа осудени и да се надомести штетата од затворот, но исто така поради пошироките социјални и економски бенефити поврзани со намалувањето на рецидивизмот. Но, го испрашува нивото на обврска во рехабилитационите сервиси во затворскиот

систем со оглед на недостатокот на имплементација на планирањето на казната и Позитивниот казнен менаџмент.

Следните карактеристики беа идентификувани во однос на успешната програма за вработување за престапници:

- флексибилност, центриран на потребата на престапниците;
- интегриран - потребата за обука и едукација не можат да се решат во изолација;
- значењето на работното место и пазарот на трудот; проактивни врски со вработувачите; и
- кооперативност помеѓу клучните агенции на национално, регионално и локално ниво.

**Тимот препорачува дека:** Потребата од обуки и едукација на осудените лица треба да биде разгледана како дел од Планот за казна и треба да вклучи сопствен развој, едукациски вештини (вклучително писменост и математика), потреба за обука и насоки за кариера; Структуирана обука и едукација, кои ќе бидат сертифицирани и акредитирани од телата како што се FÁS, NCVA, Министерството за едукација и наука, итн, треба да бидат обезбедени, каде што е соодветно; секој Бизнис план на затворот треба да постави цели за обука и едукација (на пример: стапки на учество, ниво на писменост и спектар на услуги на располагање), и овие цели треба да бидат надгледувани и независно оценувани постојано; и независна евалуација треба да се земе во предвид за едукацијата и тренингот.

### *7.3.1 Проектот во посета на затворот New Midlands (Ирска) од страна на установа за обука и едукација на социјално интегрирање на осудени лица*

Посетата на Тимот во Затворот Midland вклучила турнеа на установата за едукација и тренинг. Кога е целосно оперативен Затворот се грижи за 515 осудени лица и се очекува дека над 300 ќе учествуваат во едукацијата.

Во регионот од 40 наставници (половината од нив ќе бидат со полно работно време) ќе работат тука обезебедувајќи широк спектар на курсеви,

вклучително: основни литературни вештини, Англиски, Креативно пишување, Математика, Домашна економија, Физичко воспитание, здравствено воспитание, музичко, ликовно, грнчарство, драма, персонален развој, јога, бизнис, сметководство, технологија и компјутерски курсеви, студии за изградба, социологија и јазици.

Се претпоставува дека заедно со други сервиси во затворот, образованието ќе понуди програми за пред и по отпуштање, студии за зависност, мислителни вештини и курсеви за родителство. Затворските службеници на пример, исто така одржуваат работилници брз основа на обуки за заварување, столарија, сликање и декорација, молерисување, индустриско чистење и компјутери. Повеќето од курсевите ќе бидат акредитирани (од FÁS, NCVA, Министерството за едукација и наука и Отворениот Универзитет)[55]

## 7.4 Развој на улогата на затворските службеници во реинтеграцијата

Во моментот во регионот работат повеќе од 3,500 затворски службеници во казнениот систем. Тука се фокусираме на улогата на дневната реинтеграција која што може затворскиот службеник да ја има. Оваа улога беше потценувана во минатото - на пример, неодамна спроведено истражување на затворскиот систем дава експлицитни референци за затворските службеници. Затворските службеници имаат две главни улоги: една е безбедносната улога и другата е грижата за осудените лица. Признаена е работата на затворските службеници во услови на притисок и во некои случаи со оглед на сиромашниот квалитет на смесстувачките услови за осудените, работата во непријатна околина. По консултација со затворските службеници и директниот разговор со осудените, Тимот заклучува дека затворските службеници имаат важна улога во подготовката на осудените за нивната реинтеграција во општеството.

**Тимот препорачува дека:**

- Во развојот на менаџмент на перформанси и системот за развој, улогата на затворскиот службеник во реинтеграцијата на осудените треба да биде признаена и засилена;

[55] Sean Wynne, Head Teacher, Midlands Prison and Secretariat notes from visit 27th August 2001

- Секој потребен тренинг и развој (индукција и тек) за нив за зајакнување на нивните вештини во овој поглед треба да бидат идентификувани и подготвени (со постојниот буџет); и
- Соодветно внимание треба да се даде за развој на интер персоналните вештини, советување, комуникациски вештини, културна подготвеност и справување со гнев.[56]

[56]The National Economic and social, Re-integration of Prisoners, Forum report no.22, Dublin, str.70-89

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување се ефектите од подготвување на осудените лица за социјална интеграција во општеството по издржаната казна затвор. Предмет на интерес на ова истражување ќе бидат активностите кои се превземаат за социјална интеграција на осудениите лица почнувајќи уште од самиот почетокот на издржување на казна затвор, вклученоста во работен процес и нивното оспособување со некој занает, практични вештини знаења и умеења. Исто така предмет на истражување ќе ни бидат и мерките и активностите кои се превземаат во отпусното одделение при крајот на затворската казна.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е утврдување колку се подготвени осудените лица за социјална интеграција во општествената средина.

## 3. Научна општествена и практична цел на трудот

**Научна цел** на овој труд е проучување на нивото на подготвка на осудените лица за социјална адаптација во општеството по издржаната затворска казна. Посебно посветивме внимание на институциите кои се задолжени за прифаќање и помош на осудени лица кои ја издржале казната затвор. Една од целите ќе биде и анализата на досегашната состојба и функционирање на установите кои се задолжени за тоа, утврдување на слабостите, како и изнаоѓање на подобри решенија.

**Општествена цел** на трудот е согледување и вреднување на сите досегашни резултати и работа во насока на интегрирањето на осудените лица во општеството. Унапредување на работата кога станува збор за повторната

интеграција на осудените лица во општеството треба да биде приоритет од причина што со ова се заокружува самиот процес на ресоцијализација Отутка и потребата од вакво истражување е повеќе од потребно.

**Практична цел** целокупната примена на разни методи и насоки на работа треба да допринесе за подобрување на самиот процес со што би се надминале потешкотиите со кои се соочуваат сите инволвирани страни во овој дел од ресоцијализацијата кој е од големо значење за самиот процес. Интересот на осудените лица за изучување на некој занает од области на столарија браварија и многу други кои се во склад со можностите на установата ќе допринесесат видно да се подобри работата во Казнено Поправните Установи. Водењето на сметка за изборот на занает и неговото изучување понатаму на осудениот ќе може да му користи во изнаоѓањето на работа во општествената средина.

## 4. Задачи на истражувањето

Задачите произлегуваат од дефинираната цел и се однесуваат на подготвеноста на осудените лица за социјлана интеграција во општествената средина. Затоа целта на истражувањето е конкретизирана низ следниве задачи :

- Анализа на досегашното работење за подготвување на осудените лица за социјална интеграција во општеството .

- Утврдување на искуствата на осудените лица во однос на постпеналното прифаќање од страна на институциите .

- Испитување на ставовите и мислењата на вработени за методите кои ги користат во процесот на ресоцијализација.

## 5. Хипотези

### Главна хипотеза

Повеќе осудени лица недоволно се подготвени за социјална интеграција, самостоен живот и правилно решавање на проблемите во општествената средина и нивната социјална интеграција по издржување на казната затвор.

- **Општи хипотези**

Општа хипотеза 1 - Во затворот не се посветува доволно внимание околу подготовките на осудените лица за нивна социјална интеграција во општеството.

Општа хипотеза 2 - Поранешно осудените лица не се доволно прифатени од страна на надлежните институции.

Општа хипотеза 3- Отпусните одделенија немаат човечки ресурси да им помагаат на осудените лица за нивната социјална интеграција во општеството .

## 6. Варијабли на истражувањето

**Независна варијабла**

Подготовка на осудените лица од надлежните институции за нивно постпенално прилагодување.

**Зависна варијабла**

Социјална интеграција на осудените лица во општествената средина.

## 7. Методи на истражувањето

За потребите на истражувањето беа применети група на методи и техники, односно:

- Анализа на содржина.
- Аналитичкиот метод беше применет при анализа на теоретските содржини во однос на ресоцијализацијата и социјалната интеграција на осудените лица.
- Статистичкиот метод беше применет за пресметка на податоците добиени од теренското истражување, односно пресметани се: фреквенција, процент, стандардна девијација, медијан, т-тест и пресметка на ниво на значајност.
- Квантитативен метод се примени за анализирање на статистичките податоци.

- Компаративниот метод се примени во поглед на статистичко компарирање на податоците добиени од вработените од КПУ Затвор Скопје-Скопје и анкетираните осудени лица, како и теоретска компарација на програмите за ресоцијализација во Р.Македонија и неколку Европски земји.
- Метод на дедукција се примени за извлекување на заклучоци добиени од истражувањето.
- Дијалектичкиот метод се примени за утврдување на препораки за понатамошно работење со осудените лица во однос на нивната ресоцијализација и социјална интеграција по напуштањето на казнено-поправната установа.

## 8. Техники на истражувањето

**Техники на собирање** на податоци кои ќе се применат во ова истражување:

- Анализа на содржина на документи,
- Писмен прашалник (анкета).

Преку анализата на документи ќе можеме да ја согледаме досегашната состојба на прифаќање на осудени лица. Со анкетата ќе бидат опфатени вработените кои работат на прифаќање на осудените лица по излегувањето од затвор. Со интервјуто ќе добиеме сознанија за тоа какви се ставовите и мислењата на осудените лица во врска со ова прашање.

## 9. Инструменти на истражувањето

Од инструментите на истражување ќе користиме анкетен лист за осудени и вработени лица кои се поврзани со насловот на истражувањето. Прашалникот ќе се состои од воведен дел каде ќе биде наведено зошто се спроведува истражувањето со цел испитаниците да имаат претстава за што точно се работи.

- Понудените одговори на некои од прашањата ќе бидат со Ликератова скала од 1 до 5, каде што 1 е *најниско ниво*, додека 5 највисоко ниво.
- Понудените одговори на одредени прашања ќе бидат структурирани со понудени одговори за потврда и негација, како и неутрален одговор.
- За дел од прашањата ќе биде оставен простор испитаниците да одговорат со сопствен став и да го искажат своето мислење.

## 10. Примерок на истражувањето

Во истражувањето се опфатени осудени лица кои се при крај со издржување на казната затвор и се во фаза на отпуштање од казнено – поправните установи, како и осудени лица повратници, со што би се согледала нивната потреба од помош и успешно адаптирање и интеграција од страна на општеството, како и прифатот кои го имале по излегувањето од затвор.

Исто така опфатени се и инволвираните страни во казнено-поправните установи, односно, вработените во секторот за ресоцијализација кои се задолжени да ги упатат во однос на постпенална помош на осудените лица.

Примерокот на анкетирање го сочинуваат 64 осудени лица и 8 вработени во секторот за ресоцијализација во КПУ Затвор Скопје-Скопје, кои се задолжени за прифаќање и оспособување на осудените лица во општествената средина.

## 11. Обработка на резултатите

Собраните податоци преку споменатите техниките на собирање податоци пред да се анализираат, податоците ќе се обработат во форма преку која податоците ќе можат да се анализираат. Обработката на податоци опфаќа:

- создавање на прегледи,
- кодификација (изработка на шифрарник и поставување на шифри[57]),
- техничка обработка на податоците со примена на статистичко-математички операции и табелирање.

## 12. Организација на истражувањето

Со цел на спроведување на истражувањето беа контактирани институции кои се во корелација со тематиката на трудот, при што добивме одобрување за спроведување на истражувањето во КПУ Затвор Скопје-Скопје, каде беше спроведено истражувањето на осудените лица и вработените во секторот за ресоцијализација.

Во текот на месец септември беа поделени листови на испитаниците за да подоцна се соберат и обработат податоците од анкетниот лист. Согласно беа согледани и интерпретирани заклучните согледувања.

[57]Прилог 3

# III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Секторот за ресоцијализација е организиран со цел да оствари воспитен процес и координација на работите на воспитувањето, образованието и интеграција на осудените лица.

## 1. Анализа и интерпретација на добиените резултати

Во овој дел од трудот ќе биде направена анализа и интерпретација на добиените резултати од истражувањето спроведено на поранешно осудените лица и вработените лица во казнено-поправната установа.

### 1.1. Поранешно осудени лица

#### *1.1.1. Социо-демографски податоци*

Според полот анкетирани се вкупно 62 лица од машки пол и 2 лица од женски пол. Тоа прикажано на табела изгледа вака:

Табела 1 – Полова структура на осудени лица

| Полова структура | Ф | % |
|---|---|---|
| Мажи | 62 | 97 |
| Жени | 2 | 3 |
| Вкупно | 64 | 100 |
| | | |

Ова прикажано на графикон изгледа вака:




Графикон 1 – Полова структура на осудени лица

Според податоците прикажани на истражувањето можеме да истакнеме дека 97% од испитаниците се мажи, додека само 3% жени.

Според старосната структура испитаниците се поделени во 5 категории, односно:

Табела 2 – Старосна структура на осудени лица

| **Старосна структура** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **18-25** | 6 | 9 |
| **26-35** | 26 | 41 |
| **36-45** | 23 | 36 |
| **46-55** | 9 | 14 |
| **+56** | / | / |
| **Вкупно** | 64 | 100 |
| | | |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 2 – Старосна структура на осудени лица

Според податоците прикажани на графиконот можеме да истакнеме дека најголем дел од испитаните осудени лица (41%) се на возраст од 26 до 35 години, 36% се на возраст од 36 до 45 години, 14% се на возраст од 46 до 55 години и 9% се на возраст од 18 до 25 години.

Оттука можеме да констатираме дека како најкритична група која е подлежна на кривични дејствија се лицата на возраст од 26 до 45 години.

Според времетраењето на издржаната казна испитаниците можеа да избираат помеѓу вкупно пет категории на одговори.

Табела 3 – Времетраење на издржана затворска казна

| Времетраење на издржана затворска казна | Ф | % |
|---|---|---|
| 0-5 години | 36 | 56 |
| 6-10 години | 21 | 33 |
| 11-15 години | 2 | 3 |
| 16-20 години | 6 | 8 |
| +21 година | / | / |
| Вкупно | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 3 – Времетраење на издржана затворска казна

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека повеќе од половина, односно 56% од испитаниците издржале затворска казна во времетраење до 5 години, 33% издржале казна во времетраење од 6 до 10 години, 8% издржале казна од 16 до 20 години и 3% издржале казна во времетраење од 11 до 15 години.

### *1.1.2. Резултати од истражувачки примерок*

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: ***„Дали по излегувањето од затвор се чувствувате подготвени за социјална интеграција во општествената средина?“***, добиени се следните резултати:

Табела 4 – Социјална интеграција во општествената средина по излегувањето од затвор

| **Социјална интеграција во општествената средина по излегувањето од затвор** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Да** | 54 | 84 |
| **Не** | 8 | 13 |
| **Делумно** | 2 | 3 |
| **Вкупно** | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 4 – Социјална интеграција во општествената средина по излегувањето од затвор

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 84% од испитаниците истакнале дека по излегувањето од затворот се чувствувале подготвени за социјална интеграција во општествената средина, 13% дале негативен одговор и 3% истакнале дека делумно се чувствуваат подготвено.

Можеме да констатираме дека речиси сите од испитаниците по напуштањето на казнено поправната установа се чувствуваат социјално интегрирани. Сметам дека во однос на оние лица кои дале негативен одговор или пак делумно се подготвени, тимот за ресоцијализација во установата треба да работи повеќе со нив. Односно, можеби при доаѓање во установата лицата треба да пополнуваат анкетни прашалници за моменталната состојба и подготвеност во која се наоѓаат, како и тоа да се повторува во одредени периоди со цел да може да се одреди степенот на подготвеност за социјално интегрирање во општеството како вработените би можеле да знаат на кои лица е потребно повеќе да им се помогне во тој сегмент.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: ***„Дали во затворот, при крајот на затворската казна беа превземени мерки и активности за социјализација во општеството по напуштање на затворот“***, добиени се следните резултати:

**Табела** 5– Превземање мерки и активности за социјализација во општеството при крајот на затворската казна

| **Превземање мерки и активности за социјализација во општеството при крајот на затворската казна** | **ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Да** | 30 | 47 |
| **Не** | 34 | 53 |
| **Вкупно** | 64 | 100 |

Ова прикажано на графикон изгледа вака:




Графикон 5 - Превземање мерки и активности за социјализација во општеството при крајот на затворската казна

Оттука, можеме да истакнеме дека 53% од испитаниците истакнале дека при крајот на издржувањето на затворската казна биле превземени мерки и активности за социјализација во општествената средина по напуштањето на затворот, додека останатите 47% дале негативен одговор.

Повеќе од половина од испитаниците дале негативен одговор, односно дека во пред-отпусниот период не биле применети никакви мерки и активности кои ќе им бидат од помош за социјално интегрирање во општеството во напуштање на установата. Осудените лица сместени во казнено поправна установа каде ќе издржат казна за стореното, со нив ќе се работи за по издржување на казната да бидат прифатени во општеството и соодветно да се однесуваат како не би го повториле делото. Сметаме дека е неопходно да се применуваат мерки и активности за социјализација со сите осудени лица.

Испитаниците кои дадоа потврден одговор, како мерки и активности кои биле спроведени на нив го наведоа следното:

- „Работно ангажиран во столарија и се стекнав со знаење кое ќе ми биде од корист во иднина.“
- „Градинарски ангажмани“, и сл.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: ***„Дали во затворот се превземаат активности за вклученост во работниот процес и ваше оспособување за некој занает?“*** добиени се следните одговори:

Табела 6– Превземање активности за вклученост во работниот процес и оспособување за занает во рамките на издржување на казната затвор

| **Превземање активности за вклученост во работниот процес и оспособување за занаен во рамките на издржување на казната затвор** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Да** | 39 | 61 |
| **Не** | 25 | 39 |
| **Вкупно** | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 6 - Превземање активности за вклученост во работниот процес и оспособување за занает во рамките на издржување на казната затвор.

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 61% од испитаниците истакнале дека во затворот се превеземаат активности кои се однесуваат на вклученоста во работниот процес и нивно оспособување за одреден занает, додека останатите 39% дале негативен одговор.

Како дополнување, од страна на испитаниците се добиени следните одговори:

- Занаетчиски работи
- Столарство и се поврзано со столарија
- Одржување на паркови и зеленила
- Изработка на мебел
- Столара во која учиме сечење дрва во вид на некој облик
- Браварија
- Курир на капија, и сл.

Со ангажираноста установата се обидува да ги научи осудените лица да работат одредени занаети од корист за оние осудени лица кои сториле кривично дело поради сиромаштија и обезбедување на средства за основни потреби на живеење, додека оние лица кои сториле кривично дело поради друга причина превземањето на активности за работоспособност и учење на занает не би имале влијание, иако во секој случај можат да бидат од корист.

Лицата кои дале негативен одговор, може да претпоставиме дека не присуствувале на организираните активности во оваа насока поради својата незаинтересираност, токму поради тоа сметам дека треба овие мерки да бидат задолжителни за сите осудени лица, без исклучоци.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица:„***Дали во затворот се стекнавте со некакви практични вештини, знаења и умеења кои Ви биле од корист по излегувањето?***“ добиени се следните резултати:

Табела 7 – Стекнување со практични вештини, знаења и умеења

| Стекнување со практични вештини, знаења и умеења | Ф | % |
|---|---|---|
| Да | 34 | 53 |
| Не | 30 | 47 |
| Вкупно | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 7 - Стекнување со практични вештини, знаења и умеења.

Според податоците прикажани на графиконот можеме да истакнеме дека 53% од испитаниците истакнале дека во текот на издржувањето на казната се стекнале со практични вештини, знаења и умеења кои им биле од корист по напуштањето на казнената установа, додека 47% имаат негативен став.

Како дополнување, од страна на испитаниците се добиени следните одговори:

- Надвор од затворот се имам стекнато со многу занаети.
- Додека бев во бравара научив да заварувам, да брусам и други вештини кои спаѓаат во браварската работилница.
- Се поврзано со столарија.
- Стекнување на психолошки вештини, како таа никогаш да не верувам на никој освен на родителите, и др.

Поголемиот дел од испитаниците дале одговор дека за време на издржување на казната затвор се стекнале со практични вештини, знаења и умеења кои би можеле да им бидат од корист по напуштањето на установата,

додека пак 47% истакнале дека не се стекнале со таков вид на познавања. Како што претходно напоменав, сметам дека тоа е поради неангажираност на самото лице, како и незадолжителноста од страна на установата. Секое осудено лице мора да биде дел од организираните активности со цел полесно да се интегрира во општеството откако ќе ја напушти истата.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: „***Дали од страна на институциите добивте помош по излегувањето од затворот?***“ добиени се следните резултати:

Табела 8 – Помош од институциите по напуштање на затворот

| Помош од институциите по напуштање на затворот | ф | % |
|---|---|---|
| Да | 22 | 34 |
| Не | 42 | 56 |
| Вкупно | 64 | 100 |
| | | |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 8 - Помош од институциите по напуштање на затворот

Според добиените податоци кои се претставени на графиконот можеме да истакнеме дека повеќе од половина (62%) од испитаниците истакнале дека по излегувањето од затворот не наишле на помош од страна на институциите, додека 38% истакнале дека добиле помош. Оние испитаници кои дадоа потврден одговор на скала од 1 до 5[58] го оценија своето задоволство од помошта, по што е дојдено до следните резултати:

Табела 9 – Задоволство на осудените лица од институциите по излегувањето од затвор

| Задоволство на осудените лица од институциите по излегувањето од затвор | Ф | % |
|---|---|---|
| 1 | 7 | 32 |
| 2 | 4 | 18 |
| 3 | 8 | 36 |
| 4 | / | / |
| 5 | 3 | 14 |
| Вкупно | 22 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 9 - Задоволство на осудените лица од институциите по излегувањето од затвор

[58] 1 означува незадоволен, 2 доволно задоволен, 3 средно задоволен, 4 многу задоволен, 5 презадволен

Според прикажаните резултати можеме да истакнеме дека во најголем дел (38%) испитаниците истакнале дека се задоволни од помошта добиена од институциите на средно ниво, 32% истакнале дека се незадоволни, 18% истакнале дека се доволно задоволни и 14% истакнале дека се презадоволни.

Може да се претпостави дека поголем број на институции не реагираат, не ги подржуваат лицата кој ја издржале казната затвор. Само 1/3 од испитаниците истакнале дека по напуштање на затворот наишле на добра соработка со институциите, што сметам дека е неопходно што побргу да се промени со цел да се намали криминалитетот во државата, бидејќи лицата кои нема да наидат на помош се потенцијални повторници на делото.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудените лица: *„**Дали по излегувањето од затвор се чувствувавте дискриминирани од околината?**“* добиени се следните резултати:

Табела 10 – Чувство на дискриминација по напуштање на затвворот

| **Чувство на дискриминација по напуштање на затвворот** | Ф | % |
|---|---|---|
| **Да** | 25 | 39 |
| **Не** | 39 | 61 |
| **Вкупно** | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 10 - Чувство на дискриминација по напуштање на затворот

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 61% од испитаниците истакнале дека по излегувањето од затворот не се чувствувале дискриминирани од страна на околината и општеството, додека 39% се почувствувале дискриминирано.

Осудените лица (во најголем дел) по напуштање на казнено поправната установа не се чувствуваат дискриминирани од страна на општеството, односно од страна на своите роднини, пријатели, колеги, додека пак 39% се почувствувале дискриминирани. Дискриминацијата најчесто се случува од страна на работодавачите, кои често може да ја прекинат соработката со осуденото лице, поради страв, предрасуди и дискриминираност. За жал, институциите не можат ништо да променат во овој домен, бидејќи сепак лицето кое сторило кривично дело сноси последици за стореното и државата не може да го присили отштеството (пријателите, работодавачите) да продолжат со комуникација со лицето, тоа едноставно е индивидуално.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: „***Дали по излегувањето од затвор успеавте брзо да се вработите?***“ добиени се следните резултати:

Табела 11 – Вработување по напуштање на затворот

| Вработување по напуштање на затворот | Ф | % |
|---|---|---|
| Да | 30 | 47 |
| Не | 34 | 53 |
| Вкупно | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 11 - Вработување по напуштање на затворот

Според прикажаните резултати од графиконот можеме да истакнеме дека 53% од испитаниците истакнале дека по излегувањето од затворот не успеале да се вработат, додека 47% истакнале дека брзо по напуштањето на затворот се вработиле.

Нешто повеќе од половина од испитаниците истакнале дека по напуштање на затворот не успеале да се вработат, додека нешто помалку од половина се вработиле. Во овој сегмент сметам дека државата во соработка со Центарот за социјална работа и Агенцијата за вработување на Р.Македонија треба да овозможат вработување за осудените лица од денот на напуштање на казнено поправната установа. Секако работата која ќе им ја обезбедат треба да биде во согласност со нивните квалификации, доколку не се образовани и се претходно без работно искуство, тогаш државата треба да им најде работно место за некој од занаетите кои ги научиле во затворот. На овој начин ќе се спречи повтор на делото, доколку лицето биде финансиски обезбедено преку вработување.

На прашањето од анкетниот прашалник: „***Оценете го Вашето искуство со постепенално прифаќање од страна на институциите***“ од страна на испитаниците се добиени следните резултати:

Табела 12 – Искуство на осудени лица во постпенално прифаќање од страна на институциите

| Искуство на осудени лица во постпенално прифаќање од страна на институциите | Ф | % |
|---|---|---|
| 1 | 18 | 28 |
| 2 | 16 | 25 |
| 3 | 22 | 34 |
| 4 | / | / |
| 5 | 8 | 13 |
| Вкупно | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 12 - Искуство на осудени лица во постпенално прифаќање од страна на институциите

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 34% од испитаниците истакнале дка нивното искуство со институциите во постпеналното прифаќање го оценуваат на средно ниво, 28% го оценуваат на незадоволително ниво, 25% го оценуваат на доволно ниво и 13% го оценуваат на највисоко ниво.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: „***На скала од 1 до 5 колку се согласувате со следниот став: Осудените лица недоволно се подготвени и оспособени за самостоен живот и правилно решавање на проблемите во општествената средина и нивната социјална интеграција***“ добиени се следните резултати:

Табела 13 – Подготвеност и оспособеност на осудените лица за самостоен живот во општеството и нивна социјална интеграција

| Подготвеност и оспособеност на осудените лица за самостоен живот во општеството и нивна социјална интеграција | Ф | % |
|---|---|---|
| 1 | 14 | 22 |
| 2 | 8 | 13 |
| 3 | 23 | 36 |
| 4 | 9 | 14 |
| 5 | 10 | 15 |
| **Вкупно** | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 13 - Подготвеност и оспособеност на осудените лица за самостоен живот во општеството и нивна социјална интеграција

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 36% од испитаниците истакнале дека на средно ниво ја оценуваат својата подготвеност и оспособеност за самостоен живот и правилно решавање на проблемите во општествената средина и нивната социјална интеграција, 22% оценуваат на ниско ниво односно дека не се подготвени, 12% истакнуваат дека се минимално подготвени, 14% сметат дека се релативно добро подготвени и 15% истакнуваат дека се чувствуваат подготвени.

Нешто повеќе од 1/3 од испитаниците подготвеноста и оспособеноста за самостоен живот и интеграција во општеството ја оценуваат на средно ниво, односно се недоволно подготвени за она што ги чека по напуштање на казнено поправната институција. Мерките за социјална интеграција треба да се зајакнат за време на издржувањето на казната, барем еднаш во неделата да доаѓа лице од Центарот за социјална работа кое ќе им држи предавање во однос на интегрирањето по издржување на казната затвор: како да постапуваат, како да најдат работа, да не се повлекуваат дома, да не се враќаат во старото друштво со кое го сториле делото, да се стремат кон тоа да бидат позитивни и да се социјализираат, и др. Меѓу споменатото, исто така сметам дека социјален работник барем еднаш во месецот треба да разговара со секој осуден поединечно со цел да види во кој сегмент напредува, што треба да се промени кај него и сл.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудените лица: „***Дали во затворот се посветува доволно внимание околу подготовките на осудените лица за нивна социјална интеграција во општеството?***“ добиени се следните резултати:

Табела 14 – Посветено внимание во затворот за социјална интеграција на осудените лица во општеството

| Посветено внимание во затворот за социјална интеграција на осудените лица во општеството | Ф | % |
|---|---|---|
| Да | 28 | 44 |
| Не | 18 | 28 |
| Делумно | 18 | 28 |
| Вкупно | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 14 - Посветено внимание во затворот за социјална интеграција на осудените лица во општеството

Според прикажаните резултати можеме да истакнеме дека 44% од испитаниците истакнале дека во затворот се посветува доволно внимание околу подготовките на осудените лица во однос на нивната социјална интеграција во општеството по напуштање на установата, 28% сметаат дека не се посветува доволно внимание и 28% сметаат дека делумно доволно внимание се посветува.

Потребно е да се посвети повеќе внимание на осудените лица во затворот, како веднаш по доаѓањето во установата, така и во пред-отпусниот период кога треба поинтензивно да се работи со нив. Лицата мораат да бидат подготвени за општествената социјална интеграција и да знаат од каде да започнат со градењето на нов живот без криминални дејствија.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: „***Вработените во затворот користат најсовремени методи на работа во процесот на ресоцијализација со осудените лица***“ на што се добиени следните резултати:

Табела 15 – Примена на современи методи за ресоцијализација од страна на вработените во затворот

| **Примена на современи методи за ресоцијализација од страна на вработените во затворот** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Да** | 37 | 58 |
| **Не** | 27 | 42 |
| **Вкупно** | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 15 - Примена на современи методи за ресоцијализација од страна на вработените во затворот

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 58% од осудените лица истакнале дека вработените во затворот применуваат современи методи на работа во процесот на ресоцијализација, додека 42% истакнале дека не се применуваат нови и современи методи.

Вработените во секторот за ресоцијализација во затворот потребно е да се едуцираат во однос на Европските стандарди за социјална интеграција на осудени лица и да ги истражат најмодерните, најефикасни и најсовремени техники и мерки кои се покажале како најдобри во однос на ресоцијализацијата на лицата по напуштање на затворот.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудни лица: „***Отпусните одделенија Ви помогнале за Ваша понатамошна подготовка во припремата за социјална интеграција во општеството***“ добиени се следните резултати:

Табела 16 – Помош на осудените лица од страна на отпусните одделенија при подготовка за отпуст и социјална интеграција

| Помош на осудените лица од страна на отпусните одделенија при подготовка за отпуст и социјална интеграција | Ф | % |
|---|---|---|
| Да | 16 | 25 |
| Не | 25 | 39 |
| Делумно | 23 | 36 |
| Вкупно | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 16 - Помош на осудените лица од страна на отпусните одделенија при подготовка за отпуст и социјална интеграција

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 39% од испитаниците истакнале дека отпусните одделенија во затворот не им биле од помош за нивното понатамошно подготвување во подготовката за социјална интеграција во општеството, 36% истакнале дека делумно им помогнале и 25% од испитаниците дале потврден одговор, односно дека отпусните одделенија им помогнале.

Како што забележуваме од добиените одговори од страна на испитаниците, најголем дел од одговорите се негативни, потоа следат оние кои истакнале делумна помош и како најмалкубројни (1/4) се задоволни од добиената помош. Сметам дека добиените резултати се загрижувачки и на осудените лица им е неопходна поголема помош. Отпусните одделенија треба поинтензивно да работат со лицата, покрај теоретска помош тие треба да им дадат концизни насоки за животот по напуштање на затворот, како за социјализација и интеграција во општеството во социјалниот живот, така и во однос на пронаоѓањето на работа, комуникацијата со луѓето, редовни посети во Центарот за социјална работа каде може да се обрати за помош итн.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудени лица: „***Дали знаете каде да се обратите и да побарате помош по излегувањето од затвор?***“ добиени се следните резултати:

Табела 17 – Барање помош по напуштање на затворот

| **Барање помош по напуштање на затворот** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Да** | 48 | 75 |
| **Не** | 16 | 25 |
| **Вкупно** | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 17 - Барање помош по напуштање на затворот

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 75% од испитаниците истакнале дека по напуштање на затворот знаеле каде да се обратат да побараат помош, додека 25% дале негативен одговор.

По ова можеме да констатираме дека најголем дел од испитаниците знаат каде да се обратат за да добијат помош, но бидејќи постои 25% од испитаниците кои не знаат каде да побараат помош, сметам дека при отпуст од установата лицата треба да добиваат брошура за социјална интеграција и помош, со сите потребни информации, насоки и совети за понатамошното живеење.

На прашањето од анкетниот прашалник за осудените лица: „***Дали сметате дека треба да се обрати поголемо внимание во прифаќањето и оспособувањето на осудените лица во општествената средина по излегувањето од затворот?***“ добиени се следните резултати:

Табела 18 – Посветување на поголемо внимание во прифаќањето и оспособувањето на осудените лица во општеството по затворскиот отпуст

| Посветување на поголемо внимание во прифаќањето и оспособувањето на осудените лица во општеството по затворскиот отпуст | Ф | % |
|---|---|---|
| Да | 57 | 89 |
| Не | 2 | 3 |
| Делумно | 5 | 8 |
| Вкупно | 64 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:




Графикон 18 - Посветување на поголемо внимание во прифаќањето и оспособувањето на осудените лица во општеството по затворскиот отпуст

Според прикажаните резултати на графиконот можеме да истакнеме дека 89% од испитаниците истакнале дека сметаат дека е потребно да се посвети поголемо внимание во прифаќањето и оспособувањето на осудените лица во општеството по излегувањето од затворот, 8% истакнале дека делумно е потребно поголемо внимание и 3% дале негативен одговор, односно, сметаат дека тоа не е неопходно.

Согласно на тоа што речиси сите испитаници сметаат дека е потребно од страна на институциите треба да се посвети поголемо внимание на прифатот по отпуст од затворот (како што истакнавме, зајакнување на мерките за социјална интеграција), како и во оспособувањето (стекнување знаења и вештини за вработување) потребно е да се работи во насока на постигнување на тој ефект. Институциите треба да се организираат и покоординирано да соработуваат со цел да се постигне неповтор на делата на осудените лица.

## 1.2. Вработени лица во казнено-поправна установа

Во овој дел од трудот ќе бидат прикажани податоците добиени од страна на вработените лица во Секторот за ресоцијализација во Казнено-поправната установа Скопје – Скопје.

### *1.2.1. Социо-демографски податоци*

Во истражувањето учествуваа вкупно 8 лица вработени во Казнено попавната установа Скопје – Скопје, од кои 50% мажи и 50% жени. Според старосната структура можеме да истакнеме дека повеќе од половина (63%) од испитаниците се на возраст од 26 до 35 години, со што можеме да констатираме дека во секторот за ресоцијализација повеќе работи помлад кадар кој може да одговори на потребите на осудените лица во однос на социјалната интеграција бидејќи применуваат нови и посовремени методи, 25% се на возраст од 46 до 55 години, и 12% се на возраст од 36 до 45 години.

Според работната позиција 88% од испитаниците се воспитувачи, додека 12% советници. Според работното искуство можеме да истакнеме дека 63% од

испитаниците во КПУ Затвор Скопје Скопје работат до пет години, 25% работат повеќе од 21 година и 12% работат помеѓу 16 и 20 години.

Вработените во секторот за ресоцијализација треба да бидат со зајакнато и специфично образование за работната позиција. Исто така сметам дека е потребно и да се зголеми бројот на вработени во овој сектор со цел да може да им се посвети поголемо внимание на осудените лица, на секој посебно.

### *1.2.2. Резултати од истражувачки примерок*

На прашањето од анкетниот прашалник за вработени: „***Сметате дека има потреба од формирање на посебно одделение за прифаќање на осудени лица по издржување на затворска казна***“ добиени се следните резултати: 8 од испитаниците потполно се согласуваат дека се јавува потреба за формирање на посебно оддление за прифаќање на осудени лица по издржување на затворската казна, додека 1 од испитаниците делумно се согласуваат.

Формирањето на посебно одделение за прифаќање на осудени лица по отпуст од затворот би било од голема корист за прво време по отпуст од затворот на осудените лица, кој директно ќе им помогне на лицата во нивната ресоцијализација и интеграција во општеството. Одделението ќе им помогне да го решат секој проблем на кој ќе наидат и ќе ги советува.

На прашањето од анкетниот прашалник за вработени: „***Им се нуди помош на осудените лица кои ја издржале казната затвор***“ добиени се следните резултати: 4 од испитаниците истакнуваат дека воопшто не се согласуваат дека на осудените лица им се дава помош по затворскиот отпуст, 3 испитаници истакнале дека потполно се согласуваат и 1 испитаник истакнале дека осудените лица добиваат помош по издржување на казната затвор.

Добиените резултати по ова прашање се фрапантни, бидејќи половина од испитаниците сметаат дека осудените лица не ја добиваат соодветната помош што јасно говори дека државата мора да поработи на подобрување на овој битен елемент во казнено поправниот процес. Доколку осудените лица не наидат на помош по отпуштање од затворот големи се шансите да го повторат делото, што негативно влијае како на самото лице, така и на општеството во целина.

На прашањето од анкетниот прашалник: ***„Потребно е да се изработи стратегија и модели на работа со лица од оваа категорија“*** добиени се следните резултати: 6 од испитаниците истакнале дека потполно се согласуваат дека потребна е изработка на стратегија и конкретни модели за работење во однос на прифаќањето на осудените лица по издржувањето на казната и давањето на помош, додека 2 од испитаниците делумно се согласуваат.

Изработката на стратегијата за прифаќање и помагање на осудените лица по отпуштање од казнено поправната институција може да се покаже како корисна, како за вработените во секторот за ресоцијализација, Центарот за социјална работа така и за осудените лица кои во стратегијата ќе можат да се запознаат со своите права и можности.

На прашањето од анектниот прашалник за вработени: ***„Дали сметате дека постојат недостатоци при работењето со осудените лица за нивна ресоцијализација?“*** добиени се следните резултати: 7 од испитаниците истакнале дека сметаат дека постојат недостатоци при работењето со осудените лица за нивна ресоцијализација и 1 од испитаниците сметаат дека делумно постојат недостатоци, односно дека се минимални.

Вработените во секторот за ресоцијализација при КПУ Затвор Скопје Скопје е потребно секој месец да организираат интерни состаноци каде ќе се дискутира за проблемите при кои наидуваат во работењето, недостатоците кои ги воочиле, како и за тоа како да се промени сето тоа и да ги придвижат недостатоците во нагорна линија, односно да ги анулираат.

На прашањето од анкетниот прашалник за вработени: ***„Потребна е поголема институционална координација и комуникација на релација – Центарот за социјална работа и Казнено поправните установи“*** добиени се следните резултати: можеме да истакнеме дека сите испитаници се согласни, односно, потполно се согласуваат дека потребно е да се подобри институционалната координација и комуникација на релација – Центарот за социјална работа и Казнено поправните установи.

Вработените од секторот за ресоцијализација од КПУ Затвор Скопје Скопје се апсолутно согласни дека е потребно подобрување на соработката со Ценатрот за социјална работа. Како што претходно напоменав, сметам дека е потребно

социјални работници од Центарот почесто да ги посетуваат осудените лица и да им помагаат при нивното ресоцијализирање и да им помагаат во процесот на социјална интеграција по напуштање на установата.

На прашањето од анкетниот прашалник за испитаниците: ***„Дали имате соработка со здруженија на граѓани за помош на осудени лица по напуштање на затворот?“*** добиени се следните резултати: 8 од испитаниците дадоа негативен одговор, односно, истакнаа дека немаат соработка со здруженија на граѓани кои би им помогнале на осудените лица по напуштањето на затворот.

Здруженијата на граѓани би можеле да бидат од корист во пост-пеналниот период на осудените лица и да им помогнат при нивното интегрирање, така што сметам дека Установата во корелација со Центарот за социјална работа треба да оствари таков вид на соработка со одредени здруженија на граѓани, кој можеби би можеле да помогнат и околу вработување на лицата.

На прашањето од анкетниот прашалник: ***„Дали соработувате со Центарот за социјална работа во процесот на излегување од затвор на осудените лица и нивна ресоцијализација?“*** добиени се следните резултати: 7 од испитаниците истакнуваат дека немаат соработка со Центарот за социјална работа во процесот на излегување од затвор на осудените лица и нивната ресоцијализација, додека 1 од испитаниците истакнува дека постои соработка.

Сметам дека соработката со Центарот за социјална работа е од неопходно значење за осудените лица и е потребно да се зајакне, односно целосно реобнови бидејќи речиси не функционира. Соработката со Центарот за социјална работа ќе биде од голема корист за интеграцијата на осудените лица и нивниот постпенален период кој е од клучно значење за еден здрав почеток во општеството и правилен начин на живеење без кривични дејствија.

На прашањето од анкетниот прашалник со вработените: ***„Центарот за социјална работа го следи поведението на осудените лица извесен период по излегувањето од затвор“*** добиени се следните резултати: 7 од испитаниците истакнуваат дека Центарот за социјална работа не го следи поведението на осудените лица по нивното излегување од затворот, додека 1 од испитаниците истакнуваат дека постои следење на поведението на отпуштените лица од затворот.

Неопходно е следење на поведението на осудените лица по издржувањето на казната бидејќи во тој период лицето може да биде збунето, како и, секој неуспех како: дискриминација и осудување од општеството поради стореното дело, неможност да најде работа и да заработи средства за живеење, може да го наведат да стори кривично дело и повторно да се најде во КПУ. Неопходно е Центарот за социјална работа да ги „превзема“ лицата кои ја издржале казната при што секоја недела ќе одат по еднаш на разговор, ќе им помогне при вработување, ќе им дава парична помош по основ на невработеност или друго, како и превземање на сите мерки со цел да не се случи повторување на делото.

На прашањето од анкетниот прашалник: ***„Дали сметате дека Центарот за социјална работа успешно ја врши својата работа во процесот на ресоцијализација и интеграција на осудените лица кои ја издржале својата казна?“*** добиени се следните резултати: 6 од испитаниците истакнуваат дека Центарот за социјална работа не постапува правилно и не си ја врши успешно работата во однос на процесот на ресоцијализација и социјална интеграција на осудените лица по нивното издржување на казната затвор, додека 2 од испитаниците истакнуваат дека делумно си ја врши добро работа.

Во Центарот за социјална работа е потребно да се воведе нов сектор кој ќе биде специјализиран за лицата кои издржале затворска казна, бидејќи со моменталните капацитети е видливо дека не постои правилно извршување на работата со овие лица што го зголемува процентот на криминални повратници, што како што напоменавме, не е лошо само за лицето, општеството, туку и за целокупната слика на државата во светот.

На прашањето од анкетниот прашалник за вработените: ***„Дали сметате дека осудените лица се доволно подготвени и оспособени за самостоен живот и правилно решавање на проблемите во општествената средина и нивна социјална интеграција по напуштањето на затворот?“*** добиени се следните резултати:

Според добиените резултати можеме да истакнеме дека 7 од испитаниците сметаат дека осудените лица по излегувањето од затворот се делумно подготвени и оспособени за самостоен живот и социјална интеграција во општеството, додека

1 од испитаниците сметаат дека не се доволно подготвени за справување со проблемите кои ги носи животот.

Никогаш не можеме со сигурност да знаеме колку осудените лица ќе бидат подготвени за самостоен живот по напуштање на казнената установа, но затоа е неопходно да им се помогне, како би им се помогнало да ги решат своите проблеми во општеството.

На прашањето од анкетниот прашалник за испитаниците: ***„Дали сметате дека во затворот се посветува доволно внимание околу подготовките на осудени лица за нивна социјална интеграција во општеството?“*** добиени се следните резултати:

Според добиените резултати можеме да истакнеме дека 6 од испитаниците сметаат дека делумно се посветува внимание на осудените лица во однос на нивна подготовка по напуштање на затворот и социјална интеграција, додека 2 од испитаниците истакнале дека  не се посветува доволно внимание и потребно е подобрување во тој домен.

Бидејќи вработените во секторот за ресоцијализација во затворот се свесни за степенот на посветено внимание на осудените лица и го оценуваат како делумно, мораат да поработат заеднички и да донесат одлука за тоа во кои сегменти треба да се подобри состојбата и работењето со овие лица.

На прашањето од анкетниот прашалник за испитаниците: ***„Во однос на постпеналното прифаќање од страна на институциите затворениците имаат: “*** добиени се следните резултати:

Според добиените резултати можеме да истакнеме дека сите анкетирани вработени во секторот за ресоцијализација во КПУ Затвор Скопје Скопје сметаат дека во однос на постпеналното прифаќање на осудените лица по отпуст од затворот имаат лошо искуство со институциите.

Државата треба да се погрижи за лицата кои издржале казна затвор со цел да им помогне да се интегрираат во општеството. Институциите на некој начин ги отфрлаат затворениците и постои степен на дискриминација кои не би требало да го има. Институциите треба да изградат програма заснована на Европските стандарди.

На прашањето од анкетниот прашалник за вработени: ***„Вработените во затворот применуваат најсовремен метод на работа во процесот на ресоцијализација на осудените лица“*** Добиени се следните резултати: 4 од испитаниците истакнале дека вработените делумно, односно, некои од нив применуваат најсовремени методи за работа во процесот на ресоцијализација на осудените лица, додека некои не, 3 од испитаниците истакнале дека не се применуваат современи методи и 1 од испитаниците истакнале дека се применуваат современи методи со осудените лица во однос на нивната ресоцијализација по напуштање на затвроот.

Методите кои се применуваат во голема мера се застарени и е потребно да се надоградат. Како што истакнавме, добра идеја би било да се спроведуваат Европски методи, како и прекуконтинентални кои претходно ќе се истражат и ќе се извлече најбитното и најефикасното од нив.

На прашањето од анкетниот прашалник на вработени: ***„Отпусните одделенија во затворот им помагаат на осудените лица за нивна понатамошна подготовка за социјална интеграција во општеството?“*** добиени се следните резултати:

Според добиените резултати можеме да истакнеме дека 5 од испитаниците истакнале дека отпусните одделенија во затворот не им помагаат на осудените лица во нивната подготовка за социјална интеграција во општествената средина по напуштањето на затворот, додека 3 од испитаниците истакнале дека делумно добиваат помош преку совети.

Сметам дека постојат големи пропусти во функционирањето на отпусните одделенија во казнено поправната установа, за што не се виновни вработените во секторот туку надлежните институции кои ги наложуваат правилата на работа. Не се посветува доволно внимание на осудените лица, како да се во затвор само за да издржат казна за стореното дело, без притоа да им се помогне полесно да се интегрираат по нивното отпуштање.

Во однос на последното прашање од анкетниот прашалник за испитаните вработени од секторот за ресоцијализација при КПУ Затвор Скопје Скопје: ***„Кои институции се задолжени за помош при ресоцијализација на осудените лица по напуштањето на затворот?“*** добиени се следните резултати:

Табела 1 – Институции задолжени за помош при ресоцијализација на осудени лица по затворски отпуст

| Институции задолжени за помош при ресоцијализација на осудени лица по затворски отпуст и забелешки од вработените |
| --- |
| 1. **Центри за социјална работа** |
| 2. **Судија за извршување на санкции** |
| 3. **Казнено поправната установа го подготвува осуденото лице за постпенален период** |
| 4. **Во Управата за извршување санкции треба да биде формирано посебно одделение за постпенална помош и алтернативни мерки.** |
| 5. **Министерство за внатрешни работи** |
| 6. **Ниедна институција не ја спроведува ресоцијализацијата по напуштање на затворот** |

Во наредниот дел од трудот ќе направиме статистичка обработка на податоците кои кореспондираат со поставените хипотези на истражувањето.

## 2. Докажување и осврт на поставени хипотези

Со цел да ги докажеме/отфрлиме поставените хипотези на истражувањето, покрај веќе пресметаните фреквенца и процентуална пресметка, ќе бидат направени и дополнителни статистички пресметки, како: т-тест, стандардна девијација, аритметичка средина, медијан и тест на корелација.

### 2.1. Докажување и осврт на генерална хипотеза

- Осудените лица недоволно се подготвени и оспособени за самостоен живот и правилно решавање на проблемите во општествената средина и нивна социјална интеграција.

Табела 2 – Значајност на разлики на ставовите на вработените во секторот за ресоцијализација во казнено-поправна установа и осудените лица во однос на подготвеноста и оспособеноста на осудените лица за самостоен живот во општеството по напуштање на затворот

| | M Вработени | M Осудени лица | SD Вработени | SD Осудени лица | t-test | Аритметичка средина | Df | Ниво на значајност (p) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Генерална хипотеза** | 5 | 3 | 0,66 | 1,36 | 0,56 | 3,75 | 62 | >0,05 |

Критичните вредности за t за df=62 изнесуваат 1,67 (за ниво 0,5) и 2,00 (за ниво 0,1). Од резултатите кои се прикажани на табелата може да се види дека добиената t-вредност за генералната хипотеза и нивото на значајност можеме да истакнеме дека не постои статистички значајна разлика, по што можеме да истакнеме дека ***генералната хипотеза се прифаќа***.

## 2.2. Докажување и осврт на Општа хипотеза 1

- Во затворот не се посветува доволно внимание околу подготовките на осудените лица за нивна социјална интеграција во општеството.

Табела 3 – Значајност на разлики на ставовите на вработените во секторот за ресоцијализација во казнено-поправна установа и осудените лица во однос на недоволното посветување внимание околу подготовките на осудените лица за нивна социјална интеграција во општеството.

| | M Вработени | M Осудени лица | SD Вработени | SD Осудени лица | t-test | Аритметичка средина | Df | Ниво на значајност (p) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа хипотеза 1** | 4,52 | 5 | 0,85 | 1,67 | 0,37 | 4,92 | 62 | <0,05 |

Критичните вредности за t за df=62 изнесуваат 1,67 (за ниво 0,5) и 2,00 (за ниво 0,1). Според прикажаните резултати на табелата и пресметаните вредности

можеме да истакнеме дека постои статистички значајна разлика, по што можеме да истакнеме дека ***општа хипотеза 1 се отфрла***.

Според добиените резултати во затворот делумно се посветува внимание околу подготовките на осудените лица во однос на социјалната интеграција.

### 2.3. Докажување и осврт на Општа хипотеза 2

- Осудените лица имаат лошо искуство во постпеналното прифаќање од страна на надлежните институции.

Табела 4 – Значајност на разлики на ставовите на вработените во секторот за ресоцијализација во казнено-поправна установа и осудените лица во однос на лошото искуство во постпеналното прифаќање на осудените лица од надлежните институции

| | M Вработени | M Осудени лица | SD Вработени | SD Осудени лица | t-test | Аритметичка средина | Df | Ниво на значајност (p) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа хипотеза 2** | 6,90 | 2,43 | 0,75 | 1,25 | -1,59 | 4,67 | 62 | >0,01 |

Критичните вредности за t за df=62 изнесуваат 1,67 (за ниво 0,5) и 2,00 (за ниво 0,1). Според прикажаните резултати на табелата и пресметаните вредности, според нивото на значајност и пресметаната t-вредност можеме да истакнеме дека не постои статистички значајна разлика по што може да се заклучи дека ***општата хипотеза 2 се прифаќа***.

### 2.4. Докажување и осврт на Општа хипотеза 3

- Отпусните одделенија не им помагаат на осудените лица за нивната понатамошна подготовка во подготовката за социјална интеграција во општеството

Табела 5 – Значајност на разлики на ставовите на вработените во секторот за ресоцијализација во казнено-поправна установа и осудените лица во однос на непомагањето на отпусните одделенија на осудените лица во подготовката за социјална интеграција во општеството.

| | M Вработени | M Осудени лица | SD Вработени | SD Осудени лица | t-test | Аритметичка средина | Df | Ниво на значајност (p) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа хипотеза 4** | 5 | 5 | 4,25 | 4,68 | 1,52 | 4,46 | 62 | >0,05 |

Критичните вредности за t за df=62 изнесуваат 1,67 (за ниво 0,5) и 2,00 (за ниво 0,1). Според прикажаните и пресметани податоци можеме да истакнеме дека од добиената t-вредност и нивото на значајност не постои статистички значајна разлика што ја ***потврдува поставената општа хипотеза 4***.

## 3. Препораки

Според резултатите добиени од спроведеното истражување на вработените во КПУ Затвор Скопје – Скопје и осудените лица повторници на кои беше спроведен истражувачкиот примерок, сметам дека е потребно да се спроведат следните препораки:

- При крајот на издржување на казната потребно е превземање мерки и активности за социјализација на осудените лица кои ќе се превземаат од страна на секторот за ресоцијализација на казнено-поправната установа, како и од страна на надворешни институции.

- Во рамките на казнено-поправната установа се превземаат активности за вклученост во работниот процес и оспособување за одреден занает што е одлично, но сметам дека е потребно проширување на спектарот на занаети кои се изучуваат.

- За време на издржување на казната затвор за осудените лица треба да има одреден број на часови во текот на неделата кога задолжително ќе мораат да посетат работилници во кои ќе се стекнат со практични вештини,

знаења и умеења кои ќе им бидат од корист по напуштање на установата и ќе им помогнат побрзо да се вработат.

- По излегување од затворот и издржување на казната осудените лица треба да добијат помош од страна на институциите, преку повремени средби со социјални работници, помош при вработување и дообразување и слично, со цел да им помогнат при социјалната интеграција и ресоцијализација.
- За да, осудените лица по издржаната казна затвор не се почувствуваат дискриминирани потребно е да се организира програма за социјална ресоцијализација и подобрување на вештините на осудените лица.
- Со цел лицата кои веќе ја издржале својата казна, не прибегнат повторно кон кривично дело (од финансиска причина) потребно е по излегување од затворот да им биде обезбедена работа од страна на институциите.
- Осудените лица по издржување на затворската казна треба да се чувствуваат подготвено и сигурно дека можат да водат самостоен живот, а за тоа да се реализира треба да бидат оспособени во однос на практични вештини и занаети кои ќе им бидат од корист при наоѓањето работа.
- Потребно е во затворот поголемо внимание да им се посветува на осудените лица околу подготовките за отпуст од установата и социјално интегрирање во општествената средина.
- Неопходно е применување на посовремени методи на работа во процесот на ресоцијализација од страна на вработените во секторот за ресоцијализација во затворот, односно, потребно е организирање на дополнителни обуки за вработените во споменатиот сектор во однос на изучувањето на најсовремените светски методи кои може да се применуваат и во нашата земја.
- Потребно е формирање на посебно одделение во рамките на Центарот за социјална работа или некоја друга институција кое ќе биде насочено кон прифаќање на осудените лица по издржување на затворската казна.

- Потребно е изготвување на Стратегија за ресоцијализација и социјална адаптација на поранешно осудени лица.

- Потребно е да се истражат сите сегменти кои се сметаат како недостатоци при работата со осудени лица во процесот на ресоцијализација кои постепено треба да се анулираат.

- Потребно е подобрување на комуникацијата, координацијата и соработката помеѓу Центарот за социјална работа и казнено-поправните установи во однос на ресоцијализацијата и социјалната интеграција на осудените лица. Сметам дека добро би било да се организираат месечни состаноци со цел на подобра координација во работењето.

- Соработката на затворот со здруженија на граѓани би можела да биде од корист во однос на постпеналниот прифат на осудените лица во општеството.

- Од страна на Центарот за социјална работа е потребно да се следи поведението на осудените лица по нивното излегување од затворот со цел да се обезбеди нивна правилна социјална интеграција и неповтор на делото.

- Потребно е подобрување на помошта на осудените лица во отпусните одделенија во затворот за нивно подготвување за отпуст и социјална интеграција во општеството.

# IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

*Според резултатите добиени од теренското емпириско истражување од страна на вработените во секторот за ресоцијализација во КПУ Затвор Скопје Скопје и анкетираните осудени лица во отпусното оделение дојдовме до следните заклучоци:*

- *Најголем дел од анкетираните осудени лица истакуваат дека се чувствуваат подготвени за социјална интеграција во општествената средина.*

- *Во најголем дел од страна на анкетираните осудени лица е дојдено до одговор дека во затворот не се превземани мерки и активности за социјализација во општеството пред крајот на издржување на казната.*

- *За време на издржување на казаната во рамките на казнено-поправната установа се превземаат активности за вклучување во работниот процес и оспособување на осуденото лице за одреден занает.*

- *Дел од осудените лица во текот на издржувањето на казната затвор се стекнуваат со практични вештини, знаења и умеења кои им се од корист по издржување на казната затвор, додека дел истакнуваат дека не се стекнале со никакви вештини.*

- *Осудените лица по излегувањето од затворот не добиваат никаква помош од страна на институциите. Оној мал број на испитаници кои истакнале дека добиле помош, своето задоволство го оценуваат на незадоволително до добро ниво.*

- *Најголем дел од осудените лица истакнуваат дека по напуштањето на затворот не се чувствуваат дискриминирано од страна на околината.*

- *Повеќе од половина од анкетнираните осудени лица истакнале дека по напуштање на затворот не успеале во кратко време да се вработат.*

- *Најголем дел од осудените лица истакнале дека делумно се чувствуваат способни и подготвени за самостоен живот во општеството.*
- *Осудените лица сметаат дека потребно е да се посвети поголемо внимание во прифаќањето и оспособувањето во општеството по излегувањето од затворот.*
- *Вработените во секторот за ресоцијализација во затворот сметаат дека потребно е да се формира засебно одделение за прифаќање на осудени лица по издржувањето на затворската казна.*
- *Вработените во секторот за ресоцијализација сметаат дека потребно е да се изготви стратегија, како и да се изнајдат најсоодветни модели за работа со осудените лица во процесот на нивна социјална интеграција.*
- *Постојат бројни недостатоци при работата со осудени лица во процесот на ресоцијализација.*
- *Соработката на Центарот за социјална работа и Казнено поправната установа е на исклучително ниско ниво.*
- *Помеѓу казнено-поправната установа и здруженијата на граѓани не постои никаква соработка во однос на помош на осудените лица по затворскиот отпуст.*
- *Казнено-поправната установа и Центарот за социјална работа имаат најниско ниво на соработка во однос на постпеналното прифаќање на осудените лица во нивната ресоцијализација.*
- *Најголем дел од анкетираните вработени истакнале дека Центарот за социјална работа не ја извршува соодветно својата задача во процесот на ресоцијализација и интеграција на осудените кои ја издржале својата казна.*

*Па оттука, можеме да резимираме дека во Р.Македонија не постои добра усогласеност на институциите во однос на прифатот на осудените лица по излегувањето од затворот и подобрувањето на нивната социјална интеграција, ресоцијализација и вработување. Пост-пеналниот систем во нашата земја е на многу ниско ниво и се јавува неопходна потреба за негово подобрување, бидејќи во спротивно издржувањето на казната би било бесполезно доколку осуденото лице по отпустот има проблем со ресоцијализација и (не)вработување, што често се фактори кои имаат влијание во повторувањето на делото.*

*Координацијата и соработката на институциите во голема мера ќе го подобри пост-пеналниот период и процес на осудените лица кои ја издржале казната затвор, па затоа е потребно да се спроведат мерки и стратегии за задолжително подобрување на овој домен.*

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Ангеловски, Ј. (1999), *Образованието на возрасните – актуелни состојби потреби и визии,* статија, Скопје : Работнички универзитет Кочо Рацин.
- Арнаудовски, Љ. (1989), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции*, Скопје.
- Атанацковић, Д. (1988), *Пенологија*, Научна књига, Београд.
- Andrilović, V. (1985), *Andragogija,* Zagreb : Školska knjiga.
- Бошковић, М. (2002), *Пенологија*, Нови Сад.
- Borcevic, M., (2011) Uticaj pojedinih faktora na process resocijalizacije osudzenih lica, Univerzitet Novi Sad
- Vidanovik, I., (2006) Recnik socijalnog rada, Fakultet politicke nauke, Beograd
- Галевска – Ангелоска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола : Киро Дандаро
- Галевска – Ангелоска, Н. (2005), *Планирање на научно истражување*, интерен материјал, Филозофски факултет : Скопје.
- Груевска-Дракулевски, А. (2010) „Влијанието на казната затвор врз рецидивизмот“ (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
- Greguric, M., 2009, Komparacija nekih aspekata socijalne integracije osoba s invaliditetom s podrucja czss krapina, podruznice pregrada I czss Zagreb, ureda Dubrava, Studiski centar socijalnog rada, Zagreb
- Guidelines for the Determination of types and ways of treatment of prisoners`, Directorate for Execution of Sanctions of the Republic of Macedonia, December 2011, article 64. (Достапно на:http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=zakoniuis).
- Диркем, Е. (1981), *Васпитање и социологија*, Београд : Завод за уџбенике и наставни средства.
- Davies, M. (1974) Prisoners of Society: Attitudes and after-care, International Library of Social Policy. London: Routledge & Kegan Paul. cit.in Coyle, Andrew, Understanding prisons: Key issues in policy and practice, McGraw-Hill, Open University Press, 2005, p. 158.

- Discrimination (Employment and Occupation) Convention, 1958 (No. 111), Adopted on 25 June 1958 by the General Conference of the International Labor Organization. (Available at:http://www.ilo.org/global/lang--en/index.htm)
- Donerty, M. (2004), *Criminal Justice and Penology*, London : Second edition, Old Bailey press.
- Drakulevski, G.A., (2012) Post penal assiastance of ex-prisoners – the case of the Republic of Macedonia, Law Faculty „Iustinianus Primus“ – Skopje, Skopje
- Ѓурчевска, Т.С., 2010, Пенологија, Европски Универзитет, Скопје
- Европски затворски правила, (2007), *Народен правобранител на Република Македонија*, Скопје.
- Жунић-Павловић, В. (2004), Евалуација у ресоцијализацију, Београд : Партенон.
- Закон за здравствена заштита „Службен весник на Република Македонија“ број.38/91, Уставен суд 73/92, 46/93 и 55/95 и пречистен текст – 17/97
- Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Македонија“ бр.2/2006 и 57/2010
- Закон за работни односи “Службен весник на Република Македонија“ број.158 од 09 декември 2010
- Јашовић, Ж, (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања.
- Jašović Ž. (1983), Kriminologija maloletničke delikvencije, Beograd: Naučna knijga
- Камбовски, В., 2006, Казнено право – општ дел, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Скопје
- Кнежевић, Б. (2001), *Образовање и ресоцијализација*, Београд : Завод за уџбенике и наставна средства.
- Кнежиќ, Б, (1996), *Образованието – потреба на осудените лица*, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Бр.1-2.
- Костантиновић Вилић, С. Костић, М. (2006), Пенологија, Ниш : Свен.
- Кралев, Т. (2001), *Затворот и ресоцијализацијата*, Скопје: НИП „Студентски збор“.
- Кралев, Т. (2002), *Пенолошки лексикон*, Скопје : Студентски збор.

- Кривичен законик (Службен весник на РМ, 37/96, 80/99, 4/02, 4/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 114/09, 51/2011 и 135/2011).
- Кулиħ, Р. (2008), Вовед во андрагогија, Скопје.
- Kovac, A., (2009) Resocijalizacija osudzenih lica, Fakultet pravnih nauka – Banja Luka, Foca
- Kovčo, I. (2001), *Kazna zatvora - zašto i kud,* Zagreb : Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol. 8, broj 2.
- Kulić, R. Despotović, M, (2001), Uvod u andragogiju, Beograd : Svet knjige.
- Министерство за правда, 2009, Реформа на пенитенцијарниот систем, Скопје
- Maruna, Shadd, Making Good: How Ex-convicts Reform and Rebuild Their Lives, American Psychological Association, Washington, D. C., 2001
- McIvor, G., Sentenced to Serve: The Operation and Impact of Community Service by Offenders, Ashgate, Dartmouth, 1992
- Milutinović M. (1985), Penologija, Beograd: Savremena administracija
- Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* Beograd: Savremena administracija.
- Milutinovic, M., (1976) Kriminologija sa osnovama kriminalne politike I penologija, Savremena administracija, Beograd
- Mojović, N. (1991), Vaspitni I drugi uticaj na zatvorenike, Foča : Polet.
- Николиħ, З. (1985), *Sociologija kaznano-popravnog delovanja sa osnovama metodike resocijalizacije*, Niš: Gradina.
- Николиħ, З. (2005), *Пенолошка андрагогија са методиком преваспитање*, Београд.
- Official Gazette of the Republic of Macedonia, No.2/2006 and 57/2010
- Pantelić, D. (1982), *Penološka andragogija*, Beograd : Viša unatrašnjih poslova.
- Prison and Borstal After-Care: annual report of the Council of the Central After-Care Association, 1963. H.M. Stationery Office. 1965
- Република Македонија Министерство за правда на Влада на Република Македонија – Управа за извршување на санкции – Стратегија за Ресосоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012.

- Рот, Н, (1989), Основи социјалне психологије, Београд : Завод за уџбенике и наставна средства.
- Radanović, D. (1992), *Čovek i zatvor*, Beograd : Prometej.
- Recommendation Rec(2006)2 of the Committee of Ministers to member states on the European Prison Rule
- Стевановић, М., З. (2006), *Ниво остарених међународних стандарда у затворском системима Италије и Србије,* Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Branič – časopis Advokatske komore Srbije.
- Сулејманов, З. (1996), *Пенологија*, Скопје : Магор.
- Сулејманов, З. (1997), *Пенолошки конпендиум*, Скопје : Графохартија
- Сулејманов, З., 2001, Кривично право – општ дел, Скопје
- Samolovćev, B. (1979), *Opsta andragogija*, Sarajevo : Veselin Maseleša.
- Sampson, R. and Laub, J, Crime in the Making: Pathways and Turning Points through Life, Harvard University Press, 1995
- Savićević, Dušan, M. (1983), *Čovjek i doživotno obrazovanje*, Titograd : Republički zavod za unapređivanje školstva.
- Savićević, Dušan, M. (1989), *Koncepcija obrazovnih potreba u andragogiji*, Beograd : Zavod za udžbenike i nastavna.
- Savićević, Dušan, M. (1991), *Savremena shvatanja andragogije*, Beograd : Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta.
- Stevanovič, Z. (2008), *Osnovne karakteristike zatvorskog sistema u Nemačkoj*, Beograd : Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Strani pravni zivot br.2.
- Stevanovic, Z., (2008) Osnovne karakteristike zatvorskog sistema u Nemackoj, Strani pravni zivot, Institut za kriminoloska I socioloska istrazivanja, str.173-176 , udk: 343.291 (430)
- Fotinoska, R., `Freed Prisoners Remain Caught Behind Bars`, 19 October 2010. (Available at:http://www.balkaninsight.com/en/article/freed-prisoners-remaincaught-behind-bars).

- Heinz, Cornel: (2002), „Neuere Entwicklungen hinsichtlich der Anzahl der Inhaftierten in Deutschland“ (Recent developments in the number of prisoners in Germany), in Neue Kriminalpolitik
- *Celoživotno učenje i neformalno obrazovanje.*,(2007), Reč više, Decembar, br.03.
- Chartered Institute of Personnel and Development, (CIPD), „Employing ex-offenders to capture talent“, Survey report, May 2007. (Available at: http://www.cipd.co.uk/NR/rdonlyres/CC2DF252-2364-4214-9A7A-4C4212CC4EFA/0/empexoffndcaptalpdf.pdf%20)
- Ćurić, L. (1989), *Humanistička pedagogija I vaspitanje*, Novi Sad : Pedagoška stvarnost
- Ђорђевић, Ј. (2007), *Циљеви васпитања и образовања и моралне вредности*, Београд : Српска Академија.
- Шурбановски, Н.(1993), По затворот каде?, НИО Студентски збор,Скопје